# ОБЗЕРВАТОРИЈА ЗА МСП ВО МАКЕДОНИЈА ИЗВЕШТАЈ 2002

**Поддршка на политиката на Министерството за економија: Обзерваторија за МСП**

**EUROPEAID/114503/D/SV/MK**

**Август 2004**

# ОБЗЕРВАТОРИЈА ЗА МСП ВО МАКЕДОНИЈА ИЗВЕШТАЈ 2002

**Август 2004**

**Овој Извештај беше изработен во рамките на Проектот „Поддршка на политиката на Министерството за економија“ ref.EUROPEAID/114503/D/SV/MK**

Европска Агенција за Реконструкција
Македонија 11/I
1000 Скопје

Август 2004
@ Авторските права ги задржува Европската Агенција за Реконструкција
Барањата за користење на овој документ во целост или на делови од истиот се доставуваат до ЕАР, Скопје.
Мисленјата содржани во овој документ не секогаш ги рефлектираат мисленјата на ЕАР или на Европската Комисија.

# *Содржина*

*Предговор……………………………………..…………………..……………………………..……1*

*Акроними……………………………………………………………………………..……….……..……2*

*Хронологија……………………………………………………………………………………..…………3*

*Вовед…......………………………………………..……………………………………………………5*

*1 Дефиниција за МСП……………………………….…...………….………….…………………….....……8*

*1.1 Дефиниција за мали и средни претпријатија (МСП)……….……………………………...….….……..8*

*1.2 Дефиниција за трговец поединец………………………….................….……………..….10*

*1.3 Дефиниција за занаетчија…………………………………..…………………….…...….………...11*

*2 МСП и макромагнитуди…………………………...……………..…………………………...….........13*

*2.1 Макроекономско опкружување…………….………………..……………………………..……..13*

*2.1.1 МСП и додадена вредност……………………………………………………………….....…..…14*

*2.1.2 МСП и бруто производ……………………………..……………………………….……….... 15*

*2.1.3 МСП и меѓуфазна потрошувачка..…………………………..…...…………………………..……17*

*3 МСП во економијата…………………………………………………….……………………………19*

*3.1 Учеството на МСП во економијата…….…………………………………………………….……………19*

*3.2 Мали и средни претпријатија……………………………………………………..……….…….…..20*

*3.2.1 Број на регистрирани наспроти број на активни претпријатија……………………………...…...20*

*3.2.2 Стапка на создавање на претпријатија……………………………………………….…….….…21*

*3.3 Број на занаетчии во пооделни градови …………………………………………………….…22*

*3.3.1 Трговци поединци – пооделни активности…………………………………………………...…23*

*3.3.2 Само-вработени лица.…...……………………………………………………………………………25*

*3.4 МСП и приходи од продажба.......................................................................................................25*

*3.5 МСП и трошоци по вработен........................................................................................................26*

*4. МСП и вработеност……………………...……………………………………….………………28*

*4.1 МСП и вработеност …………………………........................................................................24*

*4.1.1 Обем на вработеност во секторот на МСП……………………………………………......…29*

*4.1.2 Ниво на палти ов секторот на МСП............................................................................................32*

*5 Оданочување и финансии…………………………………………………………………………..…34*

*5.1 Оданочување…………..………………..................……………………………………..…...34*

*5.1.1 МСП и данок на додадена вредност…………………………………………………………....36*

*5.1.2 МСП и данок на добивка……………………….……………………………………….……....37*

*5.2 МСП и финансиска структура………………………………………………………………….…….38*

*5.2.1 Добивка на МСП пред оданочување………………………..…………………………..………38*

*5.2.2 Добивка на МСП за фискална година……………………………………………..…...……38*

*5.2.3 МСП и финансиски инвестиции….…………………………………..……….……...………39*

*5.2.4 МСП и средства……………………………………………………………………………..……..40*

*5.2.5 МСП и краткорочни и долгорочни обврски……………………………………………………….……..……42*
*5.3 МСП и извор на финансирање………………………………………………………….……………..…43*
*5.3.1 Преглед на ситуацијата……………………………………………………………………..………..43*
*6 МСП и технологија и иновации….…………………………………………………………….……….48*
*6.1 Трансфер на технологија……….……………………………………...........................................48*
*6.2 Иновации………………………………………………………………………………………..……..49*
*6.3 Информации, технологија и комуникации (ИТК)……………… ………………………………...……50*
*7 МСП и Претприемничката политика………………...…………………………………………..……….52*
*7.1 Правно опкружување……………….……………………………………………………….……….52*
*7.2 Регулаторно и административно опкружување……………….……………………….…………..53*
*7.3 Претприемништво……..………………………………………………………………………….…...55*
*7.4 Услуги за поддршка на бизнис….……………………………………………………………..…...58*
*Библиографија……………………………………………………………………………………………..61*

## Листа на табели

Табела 1- 1Дефиниција на МСП (2002)....9
Табела 2-1.Основни макроекономски индикатори....13
Табела 2-2. Додадена вредност....14
Табела 2-3. Бруто производ....16
Табела 2-4.Меѓуфазна потрошувачка....17
Табела 3-1.Учество на МСП во економијата....19
Табела 3-2.Индекс на развој на МСП на Балканот (2002)....19
Табела 3-3.Број на занаетчиски производи....22
Табела 3-4.Број на трговци поединци по сектори и вработување....24
Табела 3-5.Само-вработени лица по пол и економски статус....25
Табела 3-6.Приход од продажби во мали и средни претпријатија....25
Табела 3-7.Приходи од основни дејност на мали претпријатија....26
Табела 3-8.Трошоци за вработените....27
Табела 4-1.Стапка на вработување наспроти стапка на невработеност....28
Табела 4-2.Број на вработени лица....29
Табела 4-3.Број на вработени лица во секторот на активни претпријатија....30
Табела 4-4.Нето плати и придонеси за малите претпријатија....30
Табела 5-1.Вредност на данок на добивка според големина на претпријатија....38
Табела 5-2.Добивка пред оданочување....38
Табела 5-3. Нето добивка за фискална година....39
Табела 5-4. Долгорочни финансиски инвестиции....40
Табела 5-5.Средства во мали, средни и големи претпријатија....41
Табела 5-6.Долгорочни и краткорочни финансиски обврски....42
Табела 5-7.Достапни наспроти одобрени фондови....45
Табела 5-8.Вредност на одобрени заеми меѓу корисниците....46
Табела 6-1.Број на договори за лиценцирање потпишани од претпријатијата....48
Табела 6-2.Причини за неприменување трговки марки....50
Табела 7-1.Регистрација на друштво со ограничена одговорност....53
Табела 7-2.Видови проблеми со кои се соочуваат претпријатијата....56
Табела 7-3.Тренинг обуки барани од претпријатијата....58
Табела 7-4.Искористеност на консултантски услуги и тренинг обуки....60

## *Листа на графикони*

*Графикон 2-1.Стапка на додадена вредност кај мали,средни и големи претпријатија……………...15*
*Графикон 2-2.Стапка на бруто производ кај мали,средни и големи претпријатија ........................17*
*Графикон 2-3.Учество на претприајтијата во Меѓуфазната потрошувачка……………….………...18*
*Графикон 3-1.Број на регистрирани претпријатија...………………………………………………..….20*
*Графикон 3-2.Број на активни претпријатија ..........................................................................................21*
*Графикон 3-3.Стапка на создавање на претпријатија..........…………….……………..…………….....21*
*Графикон 3-4.Занаетчии според дејност………………………………………………………….…23*
*Графикон 3-5.% на вработени кај трговци поединци според дејност……………………….……….24*
*Графикон 3-6.Приходи од продажби на малите претпријатија………………………………..……..26*
*Графикон 3-7. % Трошоци за вработените….……………………………………………….……….27*
*Графикон 4-1 Број на вработени лица…………………………………………………………………..29*
*Графикон 4-2. % Вработеност по сектор/големина на претпријатија 2002…………………..…...30*
*Графикон 4-3. % Вработеност по сектор/големина на претпријатија 2002…………………………...31*
*Графикон 4-4.Број на вработени во мали претпријатија по градови……………………..…………...32*
*Графикон 4-5.Просечна месечна нето плата по вработен во мали претпријатија.…………………33*
*Графикон 5-1.Придонесна претпријатијата кон Данокот на додадена вредност …………………...37*
*Графикон 5-2.Добивка пред наспроти добивка по оданочување (во милиони МКД)………………...…39*
*Графикон 5-3.Износ на издаени кредити.........……………………………………………….…………45*
*Графикон 5-4.Дистрибуција на кредитите за МСП по градови 1999-2002…………………………...47*
*Графикон 6-1.Причини (%) наведени од страна на претпријатијата за преземање иновативни дејности 1996-1999…………………………………………………………………………49*
*Графикон 7-1.Бизнис инкубатори во Југо-Источна Европа …………………………………………….57*
*Графикон 7-2.Подготвеност да се плати надоместок за услуги во Прилеп…………………….…….59*

## Предговор

Овој извештај ја претставува состојбата на малите и средните претпријатија во Македонија (МСП) во 2002 година. Податоците и информациите содржани во извештајот беа собрани со помош на различни институции, кои што ја согледаа потребата и корista од изработка на истиот.

Секторот на МСП во секоја држава претставува едно од најзначајните прашања на кое Владите и развојните стратегии го фокусираат своето внимание. Сепак, потребните информации за следење на состојбата на МСП се доста ограничени. Извештајот за 2002 година на Обзерваторијата за МСП е замислен како инструмент кој што ќе претставува поддршка за лицата инволвирани во процесот на донесување одлуки и политики во поглед на нивните анализи и стратегии насочени кон развојот на секторот на МСП.

Обзерваторијата за МСП е воспоставена во 2004 година во рамките на Проектот „Поддршка на политиката на Министерството за економија“, финансиран од Европската Агенција за Реконструкција. Основната задача на Обзерваторијата е да обезбеди податоци кои што се однесуваат на МСП за лицата инволвирани во процесот на изготвување на политиките, за организациите за поддршка на МСП, истражувачите и за самите МСП.

Изготвувањето на Обзерваторија за МСП претставува комплексен потфат кој бара соработка помеѓу јавните и приватните институции кои што работат со и за МСП. Оваа соработка е всушност суштинскиот елемент кој придонесува Обзерваторијата за МСП да обезбеди квалитетни и веродостојни услуги, информации и податоци.

Благодарност до авторите Марта Алварез Очоа и Игор Николоски.

Liesl Munch

Тим Лидер

Проект за поддршка на политиките

# Акроними

| | |
|---|---|
| ССА | Спогодба за Асоцијација и Стабилизација |
| БРУ | Бизнис Развојни Услуги |
| ЦР | Централен Регистар |
| ЗПП | Завод за платен промет |
| ЕБРД | Европска Банка за Обнова и Развој |
| ЕУ | Европска Унија |
| ФИАС | Советодавни Услуги за Странски Инвестиции |
| БДП | Бруто ДомашенПроизвод |
| БП | Бруто Производ |
| БИС | Биро за Интелектуална Сопственост |
| МП | Меѓуфазна Потрошувачка |
| ИСП | Интернет Сервис Провајдер |
| ИТК | Информација, Технологија и Комуникации |
| МБРД | Македонска Банка за Обнова и Развој |
| МОЕ | Министерство за Економија |
| НАЦЕ | Општа Индустриска Класификација на Економските Активности во Европските Заедници |
| ОЕЦД | Организација за економска соработка и развој |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| ЈИЕ | Југо-Источна Европа |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| ДВ | Додадена вредност |

| | |
|---|---|
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ВЕТ | Насочено образовни обуки |

# Хронологија

| Година | Основни фактори кои што влијаат на бизнис опкружувањето и претприемништвото |
|---|---|
| 1991 | ▪ Независност. Македонија објави независност од Југославија и се одвои од истата, единствена република која тоа го стори по мирен пат |
| 1992 | ▪ Економска криза. Инфлација: 1 780% |
| 1993 | ▪ Членство во ООН<br>▪ Формирана нова влада, со Албанско учество |
| 1994 | ▪ Попис на населението<br>▪ Започнување на процесот на приватизација<br>▪ Воведување на Програмата на ММФ за подобрување на макроекономската стабилност |
| 1995 | ▪ Трговско ембарго од Грција<br>▪ Санкции од ООН |
| 1996 | ▪ Донесен е Законот за трговски друштва |
| 1997 | ▪ Девалвација на Денарот |
| 1998 | ▪ Донесен е Законот за занаетчиство<br>▪ Стратегија за привлекување СДИ<br>▪ Развој на финансискиот пазар<br>▪ Раст на реален БДП од 3.4%<br>▪ Извозот за прв пат од стекнувањето независност го надминува увозот а странските инвестиции го надминаа износот на сите дотогашни СДИ |
| 1999 | ▪ Кризата во Косово предизвика прелевање на 360,000 Албанци од Србија. Пораст на тензиите.<br>▪ Донесен е Законот за банки и хартии од вредност |
| 2000 | ▪ Воведување на ДДВ<br>▪ Раст на реалниот БДП во 2000 од 4.6%, со што се заокружи 5 годишната континуирана економска експанзија.<br>▪ Царинското законодавство стапува на сила со што се обезбедува усогласување со стандардите на Европската Унија |

| | |
|---|---|
| 2001 | ▪ Конфликт. Бунтовниците ја нападнаа полицијата во пограничното село Танушевци на 18 февруари, со што се иницираше конфликтот.<br>▪ Потпишување на Охридскиот Рамковен Договор и Спогодбата за демилитаризација<br>▪ Економска рецесија поради зголемено јавно трошење<br>▪ БДП опаѓа за 9.0% (од 4.5% до -4.5%) |
| 2002 | ▪ Попис на населението<br>▪ Парламентарни избори<br>▪ Парламентот ги усвојува измените на Законот за трговски друштва, со што законот создава претпоставки за овозможување на странски директни инвестиции. Реформите опфаќаат значителни промени на иницијалниот процес на регистрација и измена на дефиницијата за правата и обврските на управителите и акционерите<br>▪ Во јуни 2002, Парламентот ја усвои „Е-Декларацијата“, изјава на заложбите на Владата за забрзување на електронската трговија<br>▪ Потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација<br>▪ Владата ја донесува националната стратегија за МСП<br>▪ Донесен е Законот за банки за микрофинансирање<br>▪ Стапката на БДП изнесува 0.9% |

# Вовед

Учеството на МСП во економскиот развој и стабилност на секоја држава во светот е општо прифатен факт од владите и институциите за економски развој. Истото се однесува и за Европската Унија, каде 99% од сите претпријатија се мали и средни (МСП) и каде нивното значење за економскиот развој е големо.[1]

Последните истражувања покажуваат дека развојот во индустриските земји во последните години е резултат на развојот на малите и средните претпријатија.[2] Во овој контекст, постои општ консензус помеѓу владите и изготвувачите на политиката во однос на потребата од поддршка на развојот и порастот на МСП.

И покрај поддршката која МСП ја добиваат од страна на владите и меѓународните организации, истите сепак се соочуваат со големи пречки од различен карактер, кои во земјите во транзиција зависат од природата на процесот. Како најчесто споменувани пречки можат да се јават недостатокот од институционална инфраструктура; знаење и искуство за успешно работење во услови на конкурентна пазарна економија; сиромаштија и ниско ниво на приходи со што се намалува побарувачката за МСП и се спречува формирањето на инвестиционен капитал, како и неконзистентноста на политиките коишто се однесуваат на МСП и нивниот спротивставен карактер.[3]

Обзерваторијата за МСП во Македонија е резултат на заложбите на Владата за понатамошна поддршка на развојот на МСП и за усогласување на политиките кон стандардите на ЕУ. Општата цел на Обзерваторијата за МСП во Македонија е да создаде одржлив механизам за следење, анализа и споредување на улогата и работата на македонските МСП со другите земји. Извештајот за 2002 година ја покажува динамиката на работењето на МСП од средината на 90-те години, обезбедува сеопфатен преглед на промените и трендовите во секторот на МСП а особено во поглед на прашањата поврзани, помеѓу останатото, со работната сила, финансиите, користењето на технологијата и ИТК, иновациите, политиката за претпријатија, со трговското и правното опкружување итн. Фактите се поддржани од податоци собрани од разни

[1] Обзерваторија за Европските МСП (2002) МСП во Европа, вклучувајќи и краток осврт на земјите кандидати за членство во ЕУ, Бр. 2 Луксембург
[2] Thuss, Holger J. (2003): Улогата на МСП за целокупната економија: 7-ми Форум на експерти во Македонија, Скопје
[3] Dallago, B. (2003): Значењето на малите и средните претпријатија во економии во транзиција; Публикација на ОН.

домашни и меѓународни извори на информации. Извештајот од 2002 година е прв од серијата годишни извештаи кои што се планира да бидат изработени во рамките на Обзерваторијата за МСП.

**Методологија**

Овој извештај е изработен врз основа на секундарни извори на информации, со тоа што Централниот регистар претставува најрелевантен извор на податоци за активните МСП. Првата активност се однесуваше на преглед на достапните податоци и информации, со цел да се оцени „кој има каква информација/податок“. За таа цел, тимот на Обзерваторијата оствари околу 100 состаноци со државните институции, меѓународните организации и донори, банки и финансиски институции, организации за поддршка на МСП, универзитети итн. Овие состаноци имаа двојна цел: истите претставуваа можност потенцијалните корисници на Обзерваторијата да се запознаат со функционирањето и задачите на истата и истовремено претставуваа иницијална оценка на достапните податоци во земјата. Резултатот од оваа фаза е всушност создавање база на податоци од извори на информации.

Откако беше извршен преглед на информациите за МСП, втората активност се состоеше во дефинирање на областите во рамките на кои би се спровеле анализите на Обзерваторијата имајќи ги во предвид достапноста и веродостојноста на податоците. Потоа, се започна со дефинирање на индикаторите. Земајќи ги стандардните индикатори користени од Обзерваторијата за МСП во Европа како основни стандарди, оваа фаза се фокусираше на дефинирање на индикаторите за кои во државата постоеа достапни информации и кои овозможуваа споредба со другите држави.

Денеска, Обзерваторијата ги содржи следниве информации од јавен интерес:

- База на извори на податоци за МСП
- База на податоци за домашни сметки и правни лица од Централниот регистар
- База на податоци за занаетчии од Министерството за економија и Централниот регистар
- Индикатори за МСП согласно Европските стандарди за Обзерваторијата за МСП
- Законодавство и прописи кои влијаат на МСП

- Корисна библиографија за МСП
- База на податоци за консултанти кои нудат програми за обука на МСП

Во одредени области во овој прв извештај на Обзерваторијата за МСП недостасуваат податоци, и од тие причини беа спроведени проценки. Обзерваторијата ги поздравува повратните информации од корисниците на овој извештај, кои се во насока на подобрување на корисноста на истата како и во насока на посочување на прашања кои што треба да бидат опфатени во следните извештаи.

# 1. Дефиницијa за МСП

## 1.1 Дефиниција за Мали и Средни Претпријатија (МСП)

Малите и средните претпријатија во Македонија се една од движечките сили на економијата на државата. Општо кажано, согласно сите извори на податоци, малите и средни претпријатија претставуваат 99% од сите активни претпријатија во Македонија.

Во 2002 година, законодавството[4] ги дефинира малите и средните претпријатија согласно следните критериуми.

**Мал субјект** се смета субјектот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето задоволил најмалку два од следниве критериуми:

- Просечниот број на вработените врз основа на часови на работа да е до 50 вработени;
- Годишниот приход да е помал од 8 000 просечни месечни бруто плати по работник во стопанството;
- Просечната вредност (на почетокот и на крајот од пресметковната година) на средствата во активата да е помала од 6 000 просечни месечни бруто плати по работник во стопанството.

**Среден субјект**, се смета субјектот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето задоволил најмалку два од следниве критериуми:

- Просечниот број на вработените врз основа на часови на работа да е до 250 вработени;
- Годишниот приход да е помал од 40 000 просечни месечни бруто плати по работник во стопанството;

[4] Закон за сметководство (Службен весник на РМ бр. 42/93, 48/93, 6/95, Уставен суд бр. 247/95, 248/95, 271/95, 304/95, и 3/96,32/98,39/99 и 70/01); и, Закон за трговски друштва (Службен весник на РМ бр. 28/96 измените објавени во Службен весник бр.7/97, 21/98, 37/98, 63/98, 39/99, 81/99, 37/00, 31/01, 06/02 и 61/02).

- Просечната вредност (на почетокот и на крајот од пресметковната година) на средствата во активата да е помала од 30 000 просечни месечни бруто плати по работник во стопанството.

Централниот регистар (ЦР) и Заводот за статистика (ЗС), двете институции кои собираат податоци за МСП и се користени како извор на податоци за Обзерваторијата за МСП ги следат критериумите за класификација на овие закони. Согласно законодавтвото, оние субјекти кои што не се класифицирани како мали или средни претпријатија, го стекнуваат статусот на големи претпријатија.

Дефиницијата за МСП на ЕУ е содржана во докуметот „Препораки на Комисијата" (Службен журнал на ЕУ бр. L107/6, 11996) каде што МСП се дефинирани врз основа на бројот на вработени лица, обртот на средства (во износ под 40 милиони Евра) или вкупната билансна состојба (во износ под 27 милиони Евра), како и економската независност.[5] Европската Обзерваторија за МСП ја следи дефиницијата на Европската Унија (ЕУ) и од таа причина измените во дефиницијата за МСП ќе резултираат со нови групирања на МСП од страна на Европската Обзерваторија за МСП.

Со цел да се обезбеди споредливост на податоците за Македонија со статистиките на земјите на ЕУ и Европската Обзерваторија за МСП, овој извештај ја зема во предвид класификацијата на претпријатијата според вработените лица. [6]

**Табела 1- 1. Дефиниција на МСП (2002)**

| | Микро | Мали | Средни | Големи |
|---|---|---|---|---|
| Европска Унија | 0-9 вработени | 10-49 вработени | 50-249 вработени | >250 вработени |
| Македонија | / | < 50 вработени | < 250 вработени | >250 вработени |

Концептот на МСП ги опфаќа правните субјекти, претприемачите и/или само-вработените лица. Што се однесува на МСП во Македонија, економското реструктуирање во средината на 90-тите и затворањето на претпријатијата во

[5] Опфаќањето на овие дополнителни критериуми во агрегатна статистика е доста тешко и од таа причина истите не се земени во предвид од страна на Европската Обзерваторијата за МСП.

[6] Главниот критериум на статистиката за МСП за статистички цели е бројот на вработени лица, „Статиските за МСП: кон посистематски статистички мерења на однесувањето на МСП", Втора ОЕЦД конференција на Министри надлежни за мали и средни претпријатија (МСП), Истанбул, Турција 3-5 Јуни 2004.

државна сопственост резултираше со создавање на нови и многу мали бизниси, кои се создаваа како излез од невработеноста и економскиот стрес. Придонесот на овие микро претпријатија (трговци поединци, занаетчии или само-вработени лица) во економијата не треба да се потцени, од причина што истите претставуваат суштински дел на МСП. Во овој поглед, извештајот ги опфаќа следните субјекти во рамките на секторот за МСП:

- Мали и средни претпријатија согласно Законот за сметководство и Законот за трговски друштва и согласно дефиницијата на ЕУ
- Трговци поединци согласно Законот за трговски друштва
- Занаетчии согласно Законот за вршење занаетчиска дејност

## 1.2 Дефиниција за трговец поедниец

Трговец поединец е физичко лице кое презема некоја професионална активност наведена во Член 9 од Законот за трговски друштва[7]. Секое физичко лице со постојано живеалиште во земјата, способно да извршува стопанска активност може да се регистрира како трговец поединец.

Разликата помеѓу трговец поединец и трговско друштво од едно лице се состои во тоа што трговското друштво се основа со почетен капитал од најмалку 2 500 Евра, додека пак таквата обврска не се наметнува за трговецот поединец. Дополнителната карактеристика согласно која овие две форми се разликуваат меѓусебно се однесува на обврските на основачот на трговското друштво со ограничена одговорност основано од едно лице. Имено истиот е одговорен до износот на вложениот основен капитал, додека пак трговецот поедниец е лично одговорен за своите обврски со сиот свој имот. Во дополнение, трговец поединец не може да биде лице:

- Против кое е иницирана стечајна постапка
- Кое со намера предизвикало стечајна постапка спречувајќи ги доверителите да ги намират своите побарувања.

[7] **Член 9**
(1) Трговец поединец е физичко лице кое како професија презема некоја активност наведена во Член 1 од овој Закон.
(2) Секое физичко лице со постојано живеалиште во Република Македонија кое е способно да извршува стопанска активност може да се регистрира како трговец поединец.

## 1.3 Дефиниција за занаетчиии

Занаетчиските активности се уредени со Законот за вршење занаетчиска дејност. Како занаетчиски активности се сметаат:

- Занаетчиско производство – изработка на производи во мали серии, како домашно производство.
- Занаетчиски услуги – поправка и одржување на добра и занаетчиски производи.
- Уметничко занаетчиство – изработка на уметнички производи изработени од камен, стакло, дрво, волна, текстил, керамика, челик, железо и други материјали.
- Домашно ракотворење – изработка на специфични производи што занаетчијата ги изработува во својот дом сам или со помош на членовите на своето семејство.

Согласно Законот за вршење занаетчиска дејност, најголемиот дозволен број вработени лица во занаетчиско претпријатие изнесува 10 лица.

Занаетчиските дејности може да ги извршува трговец поединец и трговско друштво под услов вршењето на занаетчиската дејност да е регистрирано во трговскиот регистар. Во дополнение, физичко лице може да извршува занаетчиски дејности доколку вршењето на истите не го надминува обемот на занаетчиска дејност од мал обем и доколку истото е регистрирано во Регистарот на занаетчии. Физичкото лице треба да поднесе барање до регионалната канцеларија на Министерството за економија за упис во Регистарот на занаетчии, под услов да се поднесени сите релевантни документи и да се исполнети сите пропишани услови и барања.

Секое физичко лице може да се занимава со занаетчиска дејност, меѓутоа за упис потребно е да исполнува неколку предуслови:

- Да е државјанин на Република Македонија.
- Да поседува способност за вршење занаетчиски дејности.
- Да исполнува здравствени услови согласно занаетчиската дејност.

- Да поседува стручно образовна обука или стручни вештини за вршење занаетчиска дејност.
- Да не е регистрирано како вработено лице или пензионер.
- Да поседува соодветни простории за извршување на дејноста.
- Да е ослободено од правни обврски кои што би го спречиле да ја извршува занаетчиската дејност.
- Да ги исплати таксите за регистрација.
- Да достави доказ дека претходно не било регистрирано за вршење занаетчиска дејност или во Трговскиот регистар.
- Да исполнува други услови наведени во Законот за вршење занаетчиски дејности.

Постапката за регистрација се спроведува во локалните единици на Министерството за економија во регионот каде што барателот сака да ја извршува занаетчиска дејност. Притоа потребно е да се запишат следните податоци:

- Име, татково име и постојана адреса на лицето.
- Број на лична карта.
- Регистрација на занаетчиски дејности според официјални шифри.
- Назив и адреса на занаетчиско претпријатие.

# 2. МСП и Макроекономски придонес

## 2.1 Макроекономско опкружување

Од стекнувањето на независноста во 1991 година, земјата помина низ период на економско подобрување. Во тек на првата половина од 90-те, економијата достигна најкритична фаза, со инфлација од 1780% во 1992 и 248.2% во 1993, и со намалување на БДП по стапка од -7.5% во 1993 година.

**Табела 2–1. Основни макроекономски индикатори**

| | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|
| (%) | | | | | |
| Бруто домашен производ | 3.4 | 4.3 | 4.5 | -4.5 | 0.9 |
| Инфлација (во просек) | 0.8 | -1.1 | 5.8 | 5.5 | 1.8 |
| (USD милијарди) | | | | | |
| Извоз (F.O.B.) | 1.3 | 1.2 | 1.3 | 1.2 | 1.1 |
| Увоз (C.I.F.) | 1.8 | 1.7 | 2.0 | 1.7 | 1.9 |
| Трговски баланс | -0.5 | -0.5 | -0.7 | -0.5 | -0.8 |
| Девизни резерви | 0.3 | 0.5 | 0.7 | 0.8 | 0.7 |
| Надворешен долг | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.6 |
| (Износ) | | | | | |
| Невработеност | / | / | 366 211 | 360 340 | 374 144 |

Извор: Народна банка

Помеѓу 1995 и 2000 година, состојбата започна да се стабилизира со што овој период се карактеризираше со највисоки стапки на пораст од стекнувањето независност. Во 1995 година, Владата ја потпиша Програмата за кредит со ММФ со цел подобрување на макроекономската стабилност. Истото резултираше со позитивен реален БДП и стабилна инфлација по 1996 година. Од 1991 година надворешниот долг се зголеми за 30%. Трговскиот јаз исто така се зголеми, и во 1999 година износот на извозот се намали за 42% во споредба со увозот.

Овој период на стабилност стагнираше во 2001 година за време на конфликтот (погледнете ја Хронологијата наведена погоре во текстот). 2001-та година беше една од најлошите години за економијата на земјата од стекнувањето на независноста. БДП падна од 4.5% на -4.5%. Трговскиот баланс исто така се влоши. Последиците од конфликтот можеше да се согледаат во 2002 година, иако во истата беше регистриран и процесот на бавно економско подобрување. Стапката на пораст

на БДП се зголеми до 0.9%, додека пак стапката на инфлација се намали од 5.5% во 2001 година на 1.8% во 2002 година.

Сепак, трговскиот баланс трпеше негативни ефекти, од причина што извозниците по конфликтот се соочуваа со проблеми на повторно воспоставување на трговските партнерства и насоки. Истото резултираше со трговски дефицит од -0.8% и дефицит на тековната сметка од 9% од БДП.

### 2.1.1 МСП и Додадена вредност

Додадена вредност (ДВ) на основните цени е основната категорија на БДП. Истата претставува баланс помеѓу Бруто производството и Меѓуфазната потрошувачка или пак разлика помеѓу вкупниот промет и трошоците за набавени производи и услуги (набавна вредност на стоките и користењето на меѓуфазни производи и услуги). Истата се поврзува со вредноста која што претпријатието ја додава на овие производи и услуги, или, со други зборови, придонесот на претпријатието кон економскиот просперитет.

Табелата 2-2 ги покажува трендовите на ДВ помеѓу 1997 и 2002 година.

**Табела 2 -2. Додадена вредност**

<table>
<tr><th></th><th>1997</th><th>1998</th><th>1999</th><th>2000</th><th>2001</th><th>2002</th></tr>
<tr><td colspan="7">(Основни цени, милиони МКД)</td></tr>
<tr><td>Мали</td><td>71 835</td><td>76 936</td><td>76 648</td><td>83 792</td><td>86 586</td><td>90 767</td></tr>
<tr><td>Средни</td><td rowspan="2">83 362</td><td rowspan="2">87 277</td><td>23 756</td><td>26 433</td><td>28 615</td><td>18 182</td></tr>
<tr><td>Големи</td><td>74 333</td><td>81 806</td><td>74 135</td><td>83 011</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>155 197</td><td>164 213</td><td>174 737</td><td>192 031</td><td>189 336</td><td>191 960</td></tr>
<tr><td colspan="7">(%)</td></tr>
<tr><td>Мали</td><td>46.3</td><td>46.9</td><td>43.9</td><td>43.6</td><td>45.7</td><td>47.3</td></tr>
<tr><td>Средни</td><td rowspan="2">53.7</td><td rowspan="2">53.1</td><td>13.6</td><td>13.8</td><td>15.1</td><td>9.5</td></tr>
<tr><td>Големи</td><td>42.5</td><td>42.6</td><td>39.2</td><td>43.2</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>100.0</td><td>100.0</td><td>100.0</td><td>100.0</td><td>100.0</td><td>100.0</td></tr>
</table>

Извор: Државен завод за статистика

Може да се забележи дека додадената вредност кај малите претпријатија постојано се зголемува, бележејќи зголемување од 18% помеѓу 1999 и 2002 година, споредено со 11.6% зголемување за големите прептријатија. Сепак стапката на раст на МСП

за истиот период изнесува 8% поради значителното намалување на додадената вредност остварена од страна на средните претпријатија.

Графиконот 2-1 содржи споредба на стапката на додадена вредност на МСП и големите претпријатија за периодот 1999-2000. За малите претпријатија карактеристична е поголема стабилност во текот на годините отколку за средните и големите претпријатија

**Графикон 2 -1. Стапка на Додадена Вредност во МСП**




| | Мали | Средни | Големи |
|---|---|---|---|
| 1997/1998 | 107,1 | 107,1 | 103,9 |
| 1998/1999 | 99,6 | 105,6 | 114,8 |
| 1999/2000 | 109,3 | 111,3 | 110,1 |
| 2000/2001 | 103,3 | 108,3 | 90,6 |
| 2001/2002 | 104,8 | 63,5 | 112,0 |

### 2.1.2 МСП и Бруто Производ

Другото основно прашање поврзано со БДП е Бруто Производот. За Производ се смета вредноста на добрата и услугите произведени во текот на една година, без разлика дали целокупното производство е продадено или е делумно додадено на залихите. Истото се состои од три вида производи: а) производство наменето за пазар, б) производство наменето за пазар за сопствена употреба и в) производство кое што не е наменето за пазар.

Во текот на годините вредноста на Бруто производството по основните цени бележи тренд на пораст. Ова претставува многу значаен индикатор за секоја држава од причина што претставува движење на произведените добра и услуги во споредба со оние кои што се продадени на конечните потрошувачи.

Во 2001 година, беа затворени многу фабрики и претпријатија како последица на конфликтот, што резултираше со значителен број отпуштања во западниот дел од

земјата, кој што беше најмногу засегнат од конфликтот. Овој аспект, заедно со внатрешната миграција на населението придонесува кон забавените економски активности во државата. Ефектите од горенаведеното можеа да се почувствуваат и во текот на 2002 година.

Табелата 2-3 ја покажува вредноста на Бруто Производот и придонесот на претпријатијата зависно од големината на истите. Учеството на МСП во вкупниот Бруто Производ беше малку повисоко од учеството на големите претпријатија. И во рамките на МСП, малите претпријатија имаат водечка улога во придонесот кон Бруто Производот, како во апсолутни така и во релативни вредности.

**Табела 2-3. Бруто Производ**

| | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| (Основни цени, милиони Денари) | | | | | | |
| Мали | 141 116 | 146 824 | 152 114 | 169 518 | 170 213 | 184 084 |
| Средни | 176 232 | 201 666 | 53 522 | 62 775 | 66 383 | 38 532 |
| Големи | | | 161 198 | 188 899 | 180 677 | 193 018 |
| Вкупно | 317 348 | 348 490 | 366 834 | 421 192 | 417 273 | 415 634 |
| (%) | | | | | | |
| Мали | 44.5 | 42.1 | 41.5 | 40.3 | 40.8 | 44.3 |
| Средни | 55.5 | 57.9 | 14.5 | 14.8 | 15.8 | 9.3 |
| Големи | | | 44.0 | 44.9 | 43.3 | 46.4 |
| Вкупно учество на МСП во БП | | | 56.1 | 55.2 | 56.7 | 53.6 |

Извор: Државен Завод за статистика

Графиконот 2-2 ја илустрира стапката на пораст на Бруто Производот согласно големината на претпријатијата, при што малите претпријатија се разликуваат од средните и големите претпријатија со тоа што бележат поголема стаблност низ времето.

**Графикон 2 -2. Стапка на Бруто Производ во малите, средните и големите претпријатија**




| | Мали | Средни | Големи |
|---|---|---|---|
| 1997/1998 | 104,0 | 109,6 | 115,9 |
| 1998/1999 | 103,6 | 117,6 | 103,2 |
| 1999/2000 | 111,4 | 117,3 | 117,2 |
| 2000/2001 | 100,4 | 105,7 | 95,6 |
| 2001/2002 | 108,1 | 58,0 | 106,8 |

## 2.1.3 МСП и Меѓуфазна Потрошувачка

Меѓуфазната Потрошувачка (МП) ја покажува вредноста на производите и и пазарните услуги кои се користат како инпут во производствениот процес, со исклучок на потрошувачката на фиксниот капитал (односно амортизацијата). Оваа категорија вклучува потрошувачка на тековната потрошувачка, потрошувачка на залихи како и потрошувачка на сопствени производи и услуги. Меѓуфазната потрошувачка вклучува и употреба на суровини, енергија, канцелариски материјали, резервни делови, трошоци за превоз на вработените лица, дневни трошоци, трошоци за одвоен живот, плаќања по основ на договори и други трошоци.

**Табела 2 -4 .Меѓуфазна Потрошувачка**

| Основни цени, милиони Денари | 1997 | | 1998 | | 1999 | | 2000 | | 2001 | | 2002 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | % | износ | % | износ | % | износ | % | износ | % | износ | % |
| Мали | 69 281 | 40.8 | 69 889 | 37.9 | 75 466 | 39.3 | 85 722 | 37.4 | 83 630 | 36.7 | 93 317 | 41.7 |
| Средни | 100 630 | 59.2 | 114 390 | 62.1 | 29 766 | 15.5 | 36 339 | 15.9 | 37 767 | 16.6 | 20 349 | 9.1 |
| Големи | | | | | 86 867 | 45.2 | 107 092 | 46.7 | 106 546 | 46.7 | 110 005 | 49.2 |
| Вкупно | 169 911 | 100.0 | 184 279 | 100.0 | 192 099 | 100.0 | 229 153 | 100.0 | 227 943 | 100.0 | 223 671 | 100.0 |

Извор: Државен завод за статистика

Табелата 2-4 и графиконот 2-3 покажуваат дека во текот на времето, учеството на малите претпријатија го задржува истото ниво, додека пак средните претпријатија бележат постепен пад, особено во 2002 година.

**Графикон 2-3. Учество на претпријатија во Меѓуфазната Потрошувачка според големината**



# 3. МСП во Економијата

Ова поглавје го анализира работењето на МСП и нивниот придонес кон економијата на државата. Поглавјето започнува со краток приказ на учеството на МСП во економијата и продолжува со преглед на работењето на останатите категории мали претпријатија како што се трговци поединци, занаетчии и само-вработени лица по сектори и градови.

## 3.1 Учество на МСП во Економијата

Статистиките на МСП во другите држави покажуваат значителен придонес на МСП кон вкупниот број на претпријатија, вработувања и уделот во производството. Споредбата помеѓу состојбата во Руската Федерација и во ЕУ ги покажува следните резултати:

**Табела 3 -1. Учество на МСП во Економијата**

| | % на МСП во сите претпријатија | % на МСП во сите вработувања | % на МСП во целокупниот промет[8] |
|---|---|---|---|
| EU 19[9] (2000) | 99.8 | 66.3 | 54.5 |
| Македонија (2002) | 99.5 | Не помалку од 49% | Не помалку од 48% |
| Руска Федерација (2001) | Не помалку од 90% | Не помалку од 45% | Не помалку од 40% |

Извор: Обзерваторија на Европските МСП, Обзерваторија за МСП во Русија, Обзерваторија за МСП во Македонија

Подеталниот преглед на регионалните економии ги покажува следните резултати од работењето на МСП во регионот на западен Балкан:

**Табела 3 -2. Индекс на развојот на МСП на Балканот (2002)**

| | Учество на приватниот сектор во севкупната економија (%) | Учество на секторот МСП во вкупниот БДП (%) | Учество на секторот МСП во вработувањата (%) | БОП (УСД) | Индекс на развојот на МСП |
|---|---|---|---|---|---|
| Албанија | 75.0 | 75.0 | 75.0 | 1 094 | 462.0 |
| Босна и Херцеговина | 56.0 | 36.0 | 53.0 | 996 | 106.0 |
| Хрватска | 60.0 | 50.0 | 67.0 | 4 179 | 840.0 |
| Македонија | 55.0 | 42.0 | 64.3 | 1 686 | 250.0 |

[8] Промет при продажби
[9] Обзерваторија на Европските МСП, 2002, МСП во Европа, вклучувајќи краток осврт за земјите кандидати за членство,*Бр.*2, Луксембург

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Србија и Црна Гора | 40.0 | 46.6 | 32.4 | 942 | 57.0 |

Извор: UNECE, База на податоци за МСП 2003

## 3.2 Мали и Средни Претпријатија

### 3.2.1 Број на регистрирани наспроти број на активни МСП

Помеѓу 1991 и 1997 година, бројот на регистрирани претпријатија во земјата бележи рапидно зголемување, резултирајќи со 10 пати зголемено ниво на 10.000 претпријатија регистрирани во 1991 година. Оваа стапка на пораст се стабилизира во периодот помеѓу 1997 и 2001 година, како што е покажано на графиконот 3-1. Според Државниот завод за статистика, во 2000 и 2001 година, приближно 99% од регистрираните претпријатија беа мали и средни претпријатија.

**Графикон 3 -1.Број на регистрирани претпријатија**[10]




Деталната анализа за периодот 1997-2001, покажува дека графиконот 2-2 ја илустрира стабилноста на бројот на претпријатија кои што останууваат активни, од кои 99.5% се SMEs. Во 2002, малите претпријатија продонесуваа со 44.0% кон сите вработувања, а средните претпријатија со дополнителни 5.0%. Просечниот број вработени лица во микро претпријатијата изнесуваше 3,5. Недостатокот на директно достапни податоци ги спречува прецизните пресметки за бројот на вработени лица во МСП.

[10] Извор: Економски Институт и Централен регистар

**Графикон 3 -2.Број на активни претпријатија**




Во текот на 2002 година МСП, и особено малите претпријатија, беа најактивни во секторите трговија на големо и мало (50%), производство (19%) и градежништво (18%).

## 3.2.2 Стапка на создавање на претпријатија

Стапката на создавање на претпријатија е индикатор на динамиката на економијата и претприемништвото. Таа го мери бројот на новоосновани претпријатија на 1000 постоечки претпријатија. Во оваа анализа податоците базирааат на регистрираните и на активниот број на претпријатија од било која големина. Многу е значаен за анализа на трендовите во секторот за МСП, имајќи во предвид дека 99,5% од претпријатијата во земјава се МСП.

**Графикон 3 -3. Стапка на создавање на претпријатија[11]**




Графиконот 3-3 покажува дека стапката на создавање на претпријатија во 2001 била за 17% пониска во споредба со 1999, имајќи за првпат праг 100,0. Политичката нестабилност во овој случај се појавува како главна препрека во создавањето на претпријатија.

[11] Податоците се добиени од Државен завод за статистика и Централен гегистар

### 3.3 Број на занаетчии по градови

Според Законот за трговски друштва, занаетчиите не се дел од секторот МСП. Тие се регулирани со Законот за занаетчиски активности (1998), со цел да се поддржи развојот на микро претпријатијата по пат на олеснување на процедурата за регистрација. Занатечиите се најповеќе концентрирани во Скопје, завземајќи 37% од сите занаетчии во замјава, потоа во Тетово (12%), Гостивар (9%), Охрид (7%), Велес (6%) и Прилеп (5%).

**Табела 3-3. Број на занаетчиски дуќани**

| Град | 2000 | 2001 |
|---|---|---|
| Берово | 112 | недостапно |
| Битола | 165 | недостапно |
| Валандово | 6 | 7 |
| Велес | 390 | 401 |
| Виница | 30 | 29 |
| Гевгелија | 104 | 139 |
| Гостивар | 678 | 574 |
| Дебар | 102 | 116 |
| Демир Хисар | 30 | 29 |
| Делчево | 48 | 47 |
| Кавадарци | 61 | 80 |
| Кичево | 120 | 119 |
| Кочани | 113 | 112 |
| Кратово | 3 | 10 |
| Крива Паланка | 63 | 79 |
| Крушево | 22 | 18 |
| Куманово | 192 | недостапно |
| Македоски Брод | 10 | 34 |
| Неготино | 51 | недостапно |
| Охрид | 426 | 452 |
| Прилеп | 278 | 318 |
| Пробиштип | 36 | недостапно |
| Радовиш | 59 | 48 |
| Ресен | 49 | 54 |
| Свети Николе | 27 | недостапно |
| Струга | 569 | 215 |
| Струмица | 215 | 195 |
| Тетово | 679 | 737 |
| Штип | 48 | 47 |
| Чаир | 409 | 419 |
| Гази Баба | 410 | 428 |
| Карпош | 570 | 649 |
| Кисела Вода | 559 | недостапно |
| Центар | 807 | 820 |
| Вкупно[12] | 7 441 | 6 176 |

Извор: Централен регистар

Дистрибуцијата на сектори врз основа на полето на активност покажува голема дисперзија на активностите (вкупно има 184 полиња на активност), при што фризерите завземаат 13% од занаетчиските активности, 12% ѕидари, 9% шивачи, 8%

[12] Чаир, Гази Баба, Карпош, Кисела Вода и Центар припаѓаат на општина Скопје.

сервисери за автомобили и 6% златари. Останатите 179 занатечиски активности завземаат помалку од 5%.

**Графикон 3-4. Занаетчии според поле на дејствување**




## 3.3.1 Трговци поединци по активности

Анализата на трговците поединци покажува дека тие опфаќаат 15% од сите активни претпријатија во 2002 и покриваат 4% од вкупната вработеност. Од вкупно 10 195 генерирани вработување[13] за време на 2002, вработувањето во оваа категорија доминира во трговијата на големо и воопшто трговскиот сектор (44%), угостителството (16%), преработката (15%), недвижностите (10%) и транспортот (5%). Ова е илустрирано во Графиконот 3-5.

[13] Вработените кај трговците поединци ги вбројуваат и сопствениците.

**Графикон 3 -5. Процент на вработеност кај трговците поединци според полето на активностиу**




Трговците поединци се најмногубројни во преработувачкиот сектор (29%) и услужниот сектор (26%).

**Табела 3 -4. Број на трговци поединци по сектори и вработеност**

2002

| Сектор | Број на трговци поединци | Вработеност кај трговците поединци |
|---|---|---|
| Земјоделство, лов и шумарство | 10 | 11 |
| Рибарство | 0 | 0 |
| Рударство и експлоатација на камен | 0 | 0 |
| Преработка | 978 | 1 497 |
| Електрична енергија, гас и водоснабдување | 0 | 0 |
| Градежништво | 181 | 228 |
| Трговија на големо и трговија на мало | 3 634 | 4 456 |
| Хотели и ресторани | 901 | 1 653 |
| Сообраќај, складирање и врски | 574 | 559 |
| Финансиско посредување | 2 | 1 |
| Недвижен имот, изнајмување и деловни активности | 1 007 | 972 |
| Јавна управа и одбрана | 0 | 0 |
| Образование | 25 | 34 |

| | | |
|---|---|---|
| Здравство и социјална работа | 160 | 224 |
| Социјални и лични услуги | 578 | 560 |
| Екстатериторијални организации и тела | 0 | 0 |
| Вкупно | 8 050 | 10 195 |

Извор: Централен Регистар

### 3.3.2 Самовработени

Друга категорија на микро претпријатија се самовработените. За време на периодот што се рефлектира во Табелата 3-5, оваа категорија останала релативно стабилна, имајќи ја во предвид структурата по број и по пол. Во 2002, оваа категорија завземала 10,3% од вкупната вработеност.

**Табела 3 -5. Самовработени по пол и економски статус**

| | | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Износ | | | | | | |
| Пол | Мажи | 46 922 | 33 303 | 45 199 | 43 503 | 46 109 |
| | Жени | 11 029 | 6 410 | 12 486 | 11 518 | 11 485 |
| | Вкупно | 57 951 | 39 719 | 57 684 | 55 020 | 57 594 |
| (%) | | | | | | |
| Структуирани по пол | Мажи | 81.0 | 83.9 | 78.4 | 79.1 | 80.1 |
| | Жени | 19.0 | 16.1 | 21.6 | 20.9 | 19.9 |
| | Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |
| (%) | | | | | | |
| Самовработени во вкупниот број на вработени по пол | Мажи | 13.7 | 9.9 | 13.3 | 12.2 | 13.5 |
| | Жени | 5.6 | 3.1 | 5.9 | 4.8 | 5.3 |
| | Вкупно | 10.7 | 7.3 | 10.5 | 9.2 | 10.3 |

Извор: Државен завод за статистика

## 3.4 МСП и приходите од продажба

Приходите од продажба кај сите прeпријатија регистрираат постојан пораст во периодот 1998-2002. Посебно, приходите од малите претпријатија биле 67% поголеми во 2002 во споредба со 1998, што е покажано во Табелите 3-6 и 3-7.

**Табела 3 -6. Приходи од продажба на средни и големи претпријатија**

| | 2001 | 2002 |
|---|---|---|
| (Базични цени, милиони Денари) | | |
| Средни и големи претпријатија | 220 430 605 | 223 925 417 |

Извор: Централен регистар

**Табела 3 -7. Приходи од основна дејност на мали претпријатија**

| | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|
| (Базични цени, милиони Денари) | | | | | |
| Мали претпријатија | 141 476 124 | 154 755 236 | 209 916 266 | 182 720 788 | 209 977 098 |

Извор: Централен регистар

Меѓутоа, во 2001 стапката на пораст на приходите на малите претпријатија регистрирала опаѓање, што е делимично резултат на воведувањето на ДДВ во 2000. Во 2002 стапката на пораст се нормализирала и била за 5% повисока во споредба со 1999/1998. Но сепак нивото од 2000/1999 сé уште не е достигнато (Графикон 3-6).

**Графикон 3 -6. Приходи од продажба од мали претпријатија**




## 3.5 МСП и трошоци по вработен

Од достапните податоци, јасно е дека големите претпријатија пресметуваат најголеми трошоци по вработен, што е всушност скоро двапати поголем од тие на малите претпријатија. Како и да е, Графиконот 3-7 покажува дека малите

претпријатија го зголемиле нивното учество во трошоци по вработен за 3%. Тоа е во сооднос со намалувањето, регистрирано од другите претпријатија.

**Табела 3 -8. Трошци по вработен**

| | 2001 | 2002 |
|---|---|---|
| (Базични цени, милиони Денари) | | |
| Мали претпријатија | 14 689 277 | 16 882 432 |
| Средни и големи претпријатија | 32 738 242 | 32 961 978 |
| Вкупно | 47 427 520 | 49 844 410 |

Извор: Централен регистер

**Графикон 3 -7. % на трошоци по вработен**



# 4. МСП и Вработувањето

Овој чаптер ги проучува МСП и пазарот на труд, посебно придонесот на МСП кон зголемувањето на вработеноста. Првиот дел ги разгледува стапките на вработеност и невработеност од 2000, нагласувајќи ја улогата на малите претпријатија во создавањето на нови работни места почнувајќи од 1991. Потоа следи анализа на вработеноста кај МСП по сектори и висина на наемнините.

## 4.1 МСП и вработеноста

Невработеноста е сериозен проблем во БЈР Македонија. Во текот на деведесеттите, стапката на невработеноста постепено се зголемува, достигнувајќи врв од 32% во 2000, иако 2000 година се прокламира како година на економски полет.

**Табела 4 -1. Стапка на вработеност наспроти стапка на невработеност**

| | 2000 | 2001 | 2002 |
|---|---|---|---|
| (%) | | | |
| Стапка на вработеност | 35.8 | 38.6 | 35.8 |
| (%) | | | |
| Стапка на невработеност | 32.2 | 30.9 | 31.9 |

Извор: Државен завод за статистика

Меѓутоа, реалноста на пазарот на труд се разликува од сликата што е претставена тука, со оглед на тоа дека многу регистрирани невработени се ангажирани во неформалната економија. Многу работодавци не ги пријавуваат сите вработени во нивните компании поради несоодветната правна структура на компанијата и/или високите стапки на социјалните и пензиските придонеси. Оценката на успешноста на политиката на претпријатијата на ОЕЦД и ЕБОР од 2003 укажува на фактот дека трошоците поврзани со наемнините ги обесхрабруваат работодавците и порастот на вработеноста во формалната економија[14].

Табелата 4-2 ја покажува водечката улога на малите претпријатија во создавањето на нови работни места, вбројувајќи 50% од порастот на вработеноста во економијата за

[14] БЈР Македонија ЕППА, 2003, стр. 24

време на периодот 1991-2002. Спротивно, големите компании биле помалку динамични во генерирањето на работни места. Ова е објаснето со процесот на реконструктуирање и приватизација во почетокот на деведесеттите, што резултираше со затварање на некои државни фабрики.

**Табела 4 -2. Број на вработени**

| | 1991 | | 1994 | | 1997 | | 1998 | | 1999 | | 2001 | | 2002 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | nº | (%) | nº | (%) | nº | (%) | nº | (%) | nº | (%) | nº | (%) | nº | (%) |
| Мали | 80 320 | 20.0 | 80 620 | 23.0 | 95 985 | 34.0 | 93 588 | 34.0 | 105 776 | 36.0 | 109 484 | 41.0 | 122 277 | 44.0 |
| Средни/Големи | 342 180 | 80.0 | 265 576 | 77.0 | 187 157 | 66.0 | 188 493 | 67.0 | 188 000 | 64.0 | 158 465 | 59.0 | 155 059 | 56.0 |
| Вкупно | 404 500 | 100.0 | 346 196 | 100.0 | 283 142 | 100.0 | 283 081 | 100.0 | 293 776 | 100.0 | 267 949 | 100.0 | 277 336 | 100.0 |

Извор: Економски институт, Централен регистар

Графиконот 4-1 го покажува движењето на работната сила од 1997. Малите претпријатија покажуваат тренд на раст во обезбедувањето на работни места, додека придонесот на големите компании стагнира.

**Графикон 4 -1. Број на вработени**




### 4.1.1 Големина на вработеноста во секторот МСП

Во 2002, вработеноста опфаќала 277 376 работни места, од кои 44% отпаѓаат на мали претпријатија и 56% на средни и големи претпријатија. За време на 2001-2002, вработеноста генерирана од малите претпријатија се зголемила за 11,16% додека пак вработеноста генерирана од средните и големи претпријатија се намалила во апсолутни износи. Средните и големите преработувачки претпријатија се најзначајните

работодавци во економијата, потоа трговците на големо и мало, во кој сектор, доминираат малите претпријатија.

**Табела 4 -3. Број на вработени во активни претпријатија по сектори**

| | 2001 | | | 2002 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Сектор | Мали | Средни и големи | Сите | Мали | Средни и големи | Сите |
| Земјоделство, лов и шумарство | 3 733 | 10 063 | 13 796 | 3 995 | 10 800 | 14 795 |
| Рибарство | 220 | 79 | 299 | 186 | 78 | 264 |
| Рударство и експлоатација на камен | 1 229 | 3 906 | 5 135 | 1 090 | 3 851 | 4 941 |
| Преработка | 39 976 | 72 842 | 112 818 | 43 629 | 69 535 | 113 164 |
| Електрична енергија, гас и водоснабдување | 1 576 | 13 912 | 15 488 | 1 693 | 14 383 | 16 076 |
| Градежништво | 9 255 | 19 362 | 28 617 | 9 844 | 18 758 | 28 602 |
| Трговија на големо и трговија на мало | 32 986 | 9 684 | 42 670 | 37 482 | 9 342 | 46 824 |
| Хотели и ресторани | 3 925 | 2 348 | 6 273 | 4 617 | 2 237 | 6 854 |
| Сообраќај, складирање и врски | 7 198 | 19 145 | 26 343 | 8 625 | 18 578 | 27 203 |
| Финансиско посредување | 37 | 0 | 37 | 57 | 0 | 57 |
| Недвижен имот, изнајмување и деловни активности | 4 747 | 2 203 | 6 950 | 5 766 | 2 309 | 8 075 |
| Јавна управа и одбрана | 0 | 60 | 60 | 0 | 59 | 59 |
| Образование | 851 | 0 | 851 | 953 | 0 | 953 |
| Задравство и социјална работа | 1 779 | 273 | 2 052 | 2 121 | 279 | 2 400 |
| Социјални и лични услуги | 1 972 | 4 588 | 6 560 | 2 219 | 4 850 | 7 069 |
| Вкупно | 109 484 | 158 465 | 267 949 | 122 277 | 155 059 | 277 336 |

Извор: Централен регистар

Структурата на вработеноста во голема мера е детерминирана од големината на претпријатието и од секторот. Според податоците на Централниот регистар и проценките на Обсерваторијата, по сектор или по основна дејност, најголеми работодавци се преработувачкиот сектор (МСП од овој сектор завземаат 39% од вработеноста во 2002), потоа трговијата на големо/на мало, каде што МСП завземаат 31% од вработеноста во 2002.

**Графикон 4 -2. % на вработеност по сектори/големина на претпријатието (2002)**




Малите претпријатија генерираат повеќе работни места во споредба со големите претпријатија во следниве сектори: трговија на големо/на мало (80% во 2002), рибарство (70% во 2002), угостителство (67% во 2002). Во услужниот сектор, МСП доминираат во финансиското посредување, потоа во секторот недвижности, каде МСП обезбедуваат 71% од работните места, споредено со големите компании.

**Графикон 4 –3. % на вработеност по сектори/големина на претпријатија 2002**



Кога би го погледнале бројот на работни места генерирани од малите претпријатија (Графикон 4-4) ќе увидиме дека 4 000 работни места се отворени во Битола, Штип, Прилеп, Охрид, Струмица, Тетово, Куманово и Скопје. Дополнително на ова, во Битола и Штип е регистрирано најголемо зголемување на работните места, генерирани од малите претпријатија. Генерално, вработеноста генерирана по градовите се зголемила во периодот 2001 и 2002, со исклучок на Дебар, Пробиштип и Демир Хисар, кои не покажуваат значајно зголемување. Графиконот 4-4 не ги вклучува скопските општини (Центар, Чаир, Гази Баба, Карпош, Кисела Вода) во кои малите претпријатија создале 39 965 работни места во 2001 и 45 090 во 2002, илустрирајќи многу висока концентрација на МСП во главниот град.

**Графикон 4 -4. Број на вработени во мали претпријатија по градови**




## 4.1.2 Ниво на плати во секторот МСП

Нето плата претставува износот што работникот го добива после одбивање на сите придонеси (социјални и пензиски) од бруто платата. Во текот на 1998-2002, нето платите на вработените во малите претпријатија се зголемиле за 38%.

**Табела 4 -4. Нето плати и придонеси на мали претпријатија**

| | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|
| (Базични цени, во илјади Денари) | | | | | |
| Мали претпријатија | 7 095 925 | 7 704 999 | 8 890 652 | 8 572 758 | 9 824 696 |

Извор: Централен Регистар

Просечната месечна нето плата на вработен во малите претпријатија е илустрирана во Графиконот 4-4 што покажува значајно зголемување во 2000, проследено со оправување и стабилизација на 6 675 Денари месечно во 2002, веднаш после конфликтот.

**Графикон 4 –5. Просечна месечна нето плата во Денари на вработен во малите претпријатија**



# 5. Даноци и Финансии

Овој чаптер ги истражува даноците и финансиските системи, давајќи преглед на нивното функционирање и влијанието на МСП. Што се однесува до даноците, информациите се добиени од основното даночно законодавство што влијае на МСП, придонесот на МСП во ДДВ и данокот на добивка, платен од МСП. Што се однесува до финансиите, овој чаптер ја истражува финансискста позиција на МСП од една страна и изворите на финансии за МСП од друга страна.

## 5.1 Оданочување

Почнувајќи со независноста, па во текот на транзициониот период кон пазарна економија, државата значајно работи на развивање транспарентен даночен систем во согласност со стандардите на ЕУ. Меѓу најзначајните чекори, превземени во текот на овој процес, а што значајно влијаат на МСП, е воведувањето на Данокот на додадена вредност (ДДВ) во 2000 и укинувањето на Данокот на финансиски трансакции во 2002. Даночните ослободувања се однесуваат на почетните бизниси во текот на првата година од нивното работење. Како дел од олеснувањата во врска со генерирање на нови вработувања, се чини дека МСП бенефицираа од ослободувањата од давачките за вработените при генерирање на нови вработувања[15]. Даноците кои се однесуваат на претпријатијата се регулирани со различни закони што се наведни подоле[16]:

- Закон за данок на додадена вредност – беше воведен во Април 2000. Пред овој закон, постоеше Закон за лична потрошувачка со различни стапки (помеѓу 15% и 23%) во зависност од видот на призводите и услугите.

[15] ОЕЦД-ЕБРД (2003), БЈР Македонија ЕРРА, стр.40.
[16] Информација од Министерството за економија

- Закон за персонален данок на доход – стапката е 15% од годишниот приход што се одданочува, ако е над 360.000 Денари. Плаќањата се на месечна основа, и тоа: 15% до 30.000 Денари и 18% над 30.000 Денари.
- Закон за добивка – правните лица плаќаат 15% данок на добивка за да се осигура еднаков третман на сите лица. Претприемачите кои почнуваат со бизнис се ослободени 50% во првата година кога добивката е реализирана, но под услов претприемачот да продолжи непрестано со својата дејност најмалку во текот на трите последователни години. Исто така, странските лица што ќе регистрираат претпријатие се ослободени од плаќање данок во текот на првите три години од работењето на компанијата.
- Закон за данок на имот – ги регулира сите даноци на имот, врз основа на сопственоста на имотот и врз основа на прометот со недвижности – купување и продавање, размена на недвижности, наследство и подароци. Ги вклучува данокот на имот, данокот на наследство и подарок, данокот на недвижности и данокот при трансакции со права. Даночната стапка на имот е 0,1% за новиот сопственик на имотот, 3% за вториот, 5% за третиот. Ова значи дека секој нов круг го обврзува новиот сопственик на имотот да плати данок. Ако имотот е продаден повеќе од три пати, даночната стапка останува иста, 5%. Даночната стапка за недвижности и за трансакции со права е пропорционална и изнесува 3%.
- Законот за акцизи – ги регулира стапките на акцизите. Акцизите се плаќаат за следниве производи: нафтени деривати, производи од тутун, безалхохолни пијалоци, автомобили и луксузни производи. Акцизата се наметнува на крајниот корисник наместо на увозникот.

Сите ове закони го уредуваат одданочувањето на приходот, добивката, потрошувачката, имотната сопственост, како и прометот со недвижности.

### 5.1.1 МСП и Данокот на додадена вредност

Клучен чекор во даночната реформа беше воведувањето на данокот на додадена вредност (ДДВ) во Април 2000, што го прибижи даночниот систем поблиску до модерните даночни системи на државите, членки на ЕУ.

ДДВ се однесува на сите претприемачи што извршуваат некаква економска активност во земјата, додека пак регистрацијата е задолжителна само за оние кои остваруваат промет поголем од € 20 000.

ДДВ се пресметува на износот на продажбата реализиран во земјата, а не преку извозот. Дополнителните такси на вредноста на увезените стоки се уредуваат со царинските одредби. ДДВ се пресметува преку примена на пропорционални даночни стапки, врз основа на општата даночна стапка од 19% и преференцијалната даночна стапка од 5%. Даночниот период за пресметка и плаќање на ДДВ е една година, но даночниот обврзник исто така доставува месечна и тримесечна документација за враќање на пресметаниот и платен данок.

Графиконот 5-1 ги прикажува придонесите на сите претпријатија кон ДДВ. Малите претпријатија имаат најголем придонес кон ДДВ. Иако придонесот на малите претпријатија е скоро идентичен во текот на 1999 и 2000, во 2001 нивниот придонес се зголемил на 45,7%, или за 2,1% споредено со претходната година.

Средните претпријатија помалку придонесуваат кон ДДВ, иако за време на 1999-2001, нивниот придонес се зголемил за 1,3%. МСП имаат поголем придонес кон ДДВ во споредба со големите претпријатија. Во 2001, овој соодност беше 3/5 за МСП и само 2/5 за големите претпријатија.

**Графикон 5 -1. Придонес на претпријатијата кон ДДВ**




## 5.1.2 МСП и Данок на добивка

Добивка е сума на разликата помеѓу вкупните приходи и трошоци на даночниот обврзник, регулирана со сметководствените правила и стандарди, исклучувајќи ги приходите и трошоците што се поинаку регулирани со закон.

На крајот на годината, данокот на добивка се пресметува врз основа на добивката што претпријатието ја реализирало во текот на фискалната година. Даночен обврзник е било кое правно лице резидент, но и нерезидент што остварува добивка вршејќи одредена дејност во земјата и во странство.

Данокот на добивка што го платиле малите претпријатија се зголемил за 36% во 1999-2000, во споредба со средните и големите претпријатија, каде што се зголемил едвај за 5% во истиот период.

**Табела 5 -1.Износ на данок на добивка по големина на претпријатија**

| | 1999 | 2000 |
|---|---|---|
| (Основни цени, милиони Денари) | | |
| Мали претпријатија | 599 861 | 817 185 |
| Средни и големи претпријатија | 327 253 | 345 684 |

Извор: Централен Регистар

## 5.2 МСП и Финансиската структура

### 5.2.1 МСП и добивката пред одданочувањето

Финансиската состојба на претпријатието пред одданочувањето е значаен индикатор на неговата моќност. Добивката пред одданочувањето ја покажува добивката на претпријатието после одбивањето на трошоците и придонесите од приходите. Во 2000, малите претријатија ја зголемиле нивната добивка пред одданочувањето за 116,7% споредено со 1998. Напротив нив, средните и големи претпријатија регистрирале многу помало зголемување (21,8%). Ова делумно може да се објасни со фактот дека приватизацијата на големите државни претпријатија во текот на 1997-1999 беше со најголем интензитет.

**Табела 5 -2. Добивка пред одданочување**

| | 1998 | 1999 | 2000 |
|---|---|---|---|
| (Основни цени, милиони Денари) | | | |
| Мали претпријатија | 2 797 944 000 | 3 994 713 000 | 6 062 515 000 |
| Средни и големи претпријатија | n/a | 2 185 659 000 | 2 799 196 000 |

Извор: Централен Регистар

### 5.2.2 МСП и Фискалните годишни добивки

Откако сите такси и давачки се платени, на претпријатието му останува нето добивката, која понекогаш може да биде и негативна (загуба).

Табелата 5-3 ја покажува нето добивката реализирана од претпријатијата. За време на периодот 1998-2000, малите претпријатија повеќе од двојно ја зголемиле профитабилноста (119,2%),ште е индикатор за значењето на МСП во обновата на економијата во текот на овие две години, посебно на трговијата, со оглед на тоа дека најголем број на мали претпријатија се трговци на големо и на мало. Индикаторот на нето добивката на средните и големи претпријатија не е толку значаен како што е случајот со малите претпријатија.

**Табела 5 -3. Нето добивка во текот на фискалната година**

| | 1998 | 1999 | 2000 |
|---|---|---|---|
| (Основни цени, милиони Денари) | | | |
| Мали претпријатија | 2 396 188 | 3 398 899 | 5 252 632 |
| Средни и големи претпријатија | n/a | 2 163 061 | 2 548 358 |

Извор: Централен Регистар

Графиконот 5-2 ја покажува вредноста на добивката реализирана пред и после одданочувањето. Данокот на добивка варира помеѓу 15% и 16%.

**Графикон 5 -2. Добивка пред одданочување наспроти добивка после одданочување (милион Денари)**




## 5.2.3 МСП и Финансиските инвестиции

Долгорочните финансиски инвестиции, реализирани во подолг период од една година, ги претставуваат инвестициите на претпријатијата во идниот

растеж и развој. Потребата за долгорочни инвестиции очигледно се разликува од претпријатие до претпријатие. Инвестициите на производствените претрприијатија во главно се насочени кон набавка на нова опрема или суровини. Од друга страна пак, претпријатијата активни во секторот трговија на мало може да се фокусираат на долгорочни инвестиции во нови средства или транспорт, како на пример, автомобили или камиони.

Табелата 5-4 ја покажува вредноста на долгорочните инвестиции на претпријатијата, почнувајќи од 1998. Долгорочните инвестиции реализирани од страна на малите претпријатија во 2000 забележуваат голем пораст (187,6%) споредено со 1998, спротивно на намалувањето на вредноста на средните и големите претпријатија. Во 2000, долгорочните финансиски инвестиции на малите претпријатија биле 2,4 пати поголеми споредено со средните и големи претпријатија.

**Табела 5 -4. Долгорочни финансиски инвестиции**

| | 1998 | 1999 | 2000 |
|---|---|---|---|
| (Основни цени, милиони Денари) | | | |
| Мали претпријатија | 2 393 122 000 | 2 475 963 000 | 6 882 598 000 |
| Средни и големи претпријатија | n/a | 3 076 832 000 | 2 870 466 000 |

Извор: Централен Регистар

### 5.2.4 МСП и Средствата

Средствата, според економски, бизнис и сметководствени дефиниции претставуваат сé што е поседувано од една личност или претпријатие, изразено во монетарни вредности. Таквите средства се прикажани во билансот на состојба и се класифицирани на следниот начин:

- Основни средства – овој тип на средства резултира од реализираните долгорочни инвестиции од страна на претпријатието за да непречено го остварува бизнисот. Основните средства се состојат од:

  - Нематеријални вложувања, како што се трговските марки и патентите
  - Материјални вложувања, како што се зградите и машините
  - Финансиски вложувања (долгорочни вложувања на претпријатието во други компании)

- Обртни средства – ова се средства што може да бидат конвертирани во кеш во период помал од една година и вообичаено се користат и се чуваат на залиха како составен дел на секојдневните активности. Ова вклучува кеш, суровини, побарувања, инвентар, пазарни хартии од вредност.

Табелата 5-5 го покажува соодносот помеѓу вредноста на основните и обртните сpества во периодот 1999 - 2000. Иако во малите претпријатија вредноста на основните средства се зголемила за 38,5% и на обртните средства за 31%, соодносот основни/обртни средства останува ист.

Основните и обртните средства во малите претпријатија претставуваат повеќе од 97,9% од вредноста на сите средства.

Во 1999, вредноста на основните средства во малите претпријатија била 19,01% помала во споредба со средните и големите претпријатија. Меѓутоа, во 2002 вредноста на основните средства во малите претпријатија забележала пораст од 3,49%, споредено со средните и големите претријатија. Во 1999, основните средства во малите претпријатија биле за 43,65% поголеми во споредба со средните и големите, при што во 2000 оваа разлика била за 2,14 пати поголема. Генерално гледано, во 1999 и 2000 вкупните средства во малите претпријатија биле значајно вредносно поголеми од средните и големите претпријатија.

**Табела 5 -5. Средства во мали, средни и големи претпријатија**

| | 1999 | | 2000 | |
|---|---|---|---|---|
| (Основни цени, милиони Денари) | Мали | Средни или Големи | Мали | Средни или Големи |
| Основни средства | 52 562 228 000 | 64 968 595 000 | 72 038 574 000 | 69 523 547 000 |
| Обртни средства | 87 157 324 000 | 49 115 314 000 | 114 763 034 000 | 53 559 884 000 |
| Вкупно основни и обртни средства | 139 719 552 000 | 114 083 909 000 | 186 801 608 000 | 123 083 431 000 |
| Вкупно средства | 142 229 698 000 | 115 792 188 000 | 188 761 744 000 | 125 648 527 000 |
| (%) | | | | |
| Основни средства | 37.0 | 56.1 | 38.2 | 55.3 |
| Обртни средства | 61.3 | 42.4 | 60.8 | 42.6 |
| Вкупно основни и обртни средства | 98.2 | 98.5 | 99.0 | 97.9 |
| Вкупно средства | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

Извор: Централен Регистар

### 5.2.5 Краткорочни и долгорочни обврски на МСП

Краткорочни обврски се обрски со рок на втасување до една година. Сé што е со рок на втасување подолг од една година се смета за долгорочна обврска. Долгорочни обврски се заемите (на пример банкарските кредити) и акционерските влогови. Според тоа, краткорочни обврски се трговските кредити и краткорочното кредитирање, како што е пречекорувањето. Понекогаш, краткорочните обврски што треба да се платат во текот на фискалната година, може да се трансферираат во долгорочни обврски во договор со кредиторот.

Табелата 5-6 ја покажува вредноста на финансиските обврски што претпријатието ги имало во периодот 1998-2000. Краткорочните и долгорочните обврски на малите претпријатија се зголемиле за 29,9% почнувајќи од 1999 до 2000, додека пак обврските на средните и големите претпријатија биле за 10% повисоки во 2000 споредено со 1999. Ако ги спoредиме обврските на претпријатијата со различна големина, ќе видиме дека во 2000 финансиските обврски на малите претпријатија биле за

103,2% поголеми во споредба со средните и големите. За време на 1998 и 1999, се забележал понатамошен развој на финансиските пазари, резултирајќи во поголем број на финансиски инструменти достапни за МСП.

**Табела 5 -6. Долгорочни и краткорочни финансиски обврски**

| | 1998 | 1999 | 2000 |
|---|---|---|---|
| (Основни цени, милиони Денари) | | | |
| Мали претпријатија | 92 592 386 000 | 96 987 575 000 | 126 387 544 000 |
| Средни и големи претпријатија | n/a | 56 668 369 000 | 62 284 992 000 |

Извор: Централен Регистар

## 5.3 МСП и нивниот пристап до финансиските извори

### 5.3.1 Преглед на ситуацијата

Пристапот до ликвидност, посебно во економиите во транзиција, претставува еден од главните проблеми со кои претпријатијата се соочуваат. Недостатокот од кеш доведува до проблеми со ликвидноста, што пак има негативнио влијание на работењето на претпријатието бидејќи не е во состојба да ги финансира проширувањата и растежот, што конечно резултира во неплатени суровини на добавувачите, неплатени наемнини и.т.н.

Финансиските извори за МСП се управувани од комерцијалните банки и штедилниците. Како што бројот на активни компании се зголемува, пристапот до финансиска помош станува главен проблем на разгледување на банките и другите финансиски институции. Дополнително на внатрешните извори на кредитирање на секоја банка, тие исто така управуваат со кредитни линии на странски донаторски и меѓународни финансиски институции. Во зависност од кредитната линија, се менуваат и кредитните услови, каматните стапки, периодот на враќање и.т.н

Иако има многу алтернативи на кредитни инструменти, претпријатијата се соочуваат со неколку проблеми кога аплицираат за заем. Прво, недостатокот од обезбедување постојано се нагласува како еден од најтешките бариери што претприемачите треба да ги надминат при добивањето кредит.

Македонските банки не сакаат да ризикуваат и бараат 200% покритие за издадените кредити. Тие имаат мало искуство во кредитирањето на МСП или со анализата на проектите што претпријатијата ги презентираат. Дополнително, повеќето претприемачи не располагаат со доволно бизнис искуство што доведува до зголемување на одбивноста на баките кон кредитирањето. Посебно, новоформираните МСП и почетниците, се соочуваат со големи проблеми во пристапот до кредити неопходни за почеток или раст на бизнисот.

Ситуацијата се подобрува со зголемување на соработката помеѓу локалните и странските банки, преку трансфер на вештини и примена на know how во оценка на ризикот и менаџмент за да се осигура профитабилно кредитирање на МСП. Поголем акцент на кеш анализата би требало да придонесе до помали барања на обезбедување.

Единаесет донаторски-кредитни линии се присутни во земјата: ДЕГ, ЕБОР, Италијанска, ИФАД, ИФЦ, KfW, ФАРЕ, на Кралството Холандија, СОРОС, Тајванскиот фонд and УСАИД. Осум се за микро и мали претпријатија, 5 за трговци поединци, 4 за средни претпријатија и 2 за големи компании. Што се однесува до кредитните услови, каматните стапки се движат помеѓу 6% и 25%, при што, 4 кредитни линии се карактериаираат со каматни стапки помеѓу 6% и 9%, 3 кредитни линии помеѓу 10% и 15% и 1 кредитна линија помеѓу 16% и 25%. Максималниот период на враќање е 6 години за една кредитна линија, две кредитни линии имаат период на враќање до 3,5 години и пет кредитни лиии имаат период на враќање до 5 години.

Податоците за 2000 и 2001 ја покажуваат вредноста на достапните финансиски извори. Иако во 2001, вредноста на достапните средства се намалила за 6,3% споредено со 2000, вредноста на издадени средства се зголемила за 12,5%. Бројот на издадени заеми многу се намалил, за 29,2%.

**Табела 5 -7. Достапни наспроти издадени средства**

| | 2000 | | 2001 | |
|---|---|---|---|---|
| | (€) | (%) | (€) | (%) |
| Издадени средства | 24 041 575 | 45.6 | 27 081 900 | 55.7 |
| Достапни средства | 52 735 774 | 100.0 | 48 605 000 | 100.0 |
| Број на заеми | 3 166 | | 2 405 | |

Извор: Македонска финдација за развој на претпријатија

Графиконот 5-6 го покажува бројот на заеми издадени во 2000 и 2001. Во вкупниот број на кредити, 92,4% биле до € 10 000, 5,8% биле помеѓу € 10 000 и € 50 000. Само 0,1% од кредитите биле до € 100 000 и 1.7% над € 100 000. Најголемата побарувачка за кредити била во секторот за микро кредити, со кредитен износ максимум до € 10 000.

**Графикон 5 -3. Учество на издадените кредити**



Состојбата со издадените кредити по сектори на активности беше сосема поинаква во 2000 споредено со 2001. Во 2001, кредитите издадени во земјоделскиот сектор се намалиле за 194,7%, а во трговскиот сектор за 41,6%. Во спотивно, преработувачката индустрија забележала пораст од 43,4%.

**Табела 5 -8. Вредност на издадените кредити по корисници**

| Sector | 2000 | 2001 |
|---|---|---|
| (€) | | |
| Земјоделство | 5 630 490 | 1 896 204 |
| Преработувачка индустрија | 14 351 148 | 20 783 875 |
| Услуги | 2 341260 | 3 206 413 |
| Трговија | 1 718 677 | 1 195 408 |
| Вкупно | 24 041 575 | 27 081 900 |
| (%) | | |
| Земјоделство | 23.3 | 7.0 |
| Преработувачка индустрија | 59.6 | 76.7 |
| Услуги | 9.6 | 11.9 |
| Трговија | 7.5 | 4.4 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 |

Извор: Македонска финдација за развој на претпријатија

Во текот на 2001 трендот останува ист. Додека во 2000, издадените средства во земјоделството биле 23,3%, во 2001 средствата се намалиле за 7,0%. Додека пак средствата во преработувачкиот сектор се зголемиле за 17,0%.

Во врска со финансиските извори за МСП, друг важен извор на информации е Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР), која беше основана во 1998 со цел да придонесе кон подобрување на финансирањето на инвестициите и извозно ориентираното производство на МСП.

Во текот на 2000 и 2002, МБПР управувала со 27,3% (3 од 11) од кредитните линии на странските донатори. Графиконот 5-4 ја покажува дистрибуцијата на кредити на МСП по градови во периодот 1999-2002 што

била менаџирана преку МБПР. Дистрибуцијата на кредити на МСП не е поврзана со населението. Соодносот на дистрибуцијата на кредити во источниот и западниот дел на земјата, исклучувајќи го Скопје, покажува дека источниот дел зафаќа 2/3 од издадените кредити, а западниот дел останатите 1/3.

**Графикон 5 -4. Дистибуција на кредити на МСП по градови во периодот**



# 6. МСП Технологија и Иновации

Овој чаптер дава преглед на интерактивноста на МСП со нови технологии, за трансферот на технологија, развојот на иновативни идеи и инвестиции, како и за нивото на развој на ИТЦ секторот. Квантитативни податоци се ретко достапни, лимитирајќи ја анализата на овој чаптер. Овој чаптер ја нагласува потребата од ваков тип на информација за да може да се изврши анализа на резултатите на македонските МСП при градењето на нивната конкурентност, базирајќи се на технолошки иновации и системи за квалитет.

.

## 6.1 Трансфер на технологија

Бројот на лиценци купени од претпријатијата го дава индикаторот на нивниот технолошки развој. Според Табела 6-1 секторот за целулоза и за недвижности се сектори што купиле најголем број на патенти. Дополнително, податоците доставени од Бирото за заштита на интелектуалната соственост за периодот 1996-1999 покажуваат дека 70% од македонските претпријатија купуваат домашни лиценци, а само 14% меѓународни/европски патенти што индицира ниско ниво на интернационализација на претпријатијата и на економијата воопшто.

**Табела 6 -1. Број на лиценци, купени од претпријатија**

| | 1996-1999 |
|---|---|
| Земјоделство, лов и шумарство | 1 |
| Храна, безалкохолни пијлоци и тутун | 1 |
| Производство на целулоза и хартија | 3 |
| Производство на електрични и оптички делови | 1 |
| Производство на основнии стандардни метални производи | 1 |
| Активности поврзани со недвижнини | 3 |
| Производство на гуми и пластични производи | 2 |
| Број на испитани претпријатија | 12 |

Извор: Биро за заштита на интелектуална соптвеност

## 6.2 Иновации

Истото истражување на 1000 претпријатија спроведено од Бирото за заштита на интелектуалната сопственост за време на втората половина на деведесеттите (1996-1999), укажува дерка скоро 16% од претпријатијата ги оправдале инвестициите во иновации, зголемувајќи го квалитетот на нивното производство, проследено со отварање на нови пазари (13%). Тоа го покажува нивото на разбирање кај претпријатијата дека конкурентноста во пазарната економија и во ерата на глобализацијата базира, покрај другите фактори, на квалитетно производство и пристап до нови пазари.

**Графикон 6 -1. Причини (%) за превземање иновативни активности во текот на 1996-1999**




Табелата 6-2 покажува дека 57% од претпријатијата што учествувале во истражувањето имаат слабо познавање на апликационите процедури и за значењето на иновациите, што е главна причина да не се аплицира за

трговска марка. 19% сметале дека трговските марки се неефикасна алатка во борбата против злоупотребата.

**Табела 6 -2. Причини да не се аплицира за трговски марки**

| | 1996-1999 | |
|---|---|---|
| | Број на претпријатија | (%) |
| Слабо познавање на апликационите процедури и предности | 128 | 56.9 |
| Долга процедураа, а мали бенефиции | 17 | 7.6 |
| Неефективност наспроти фалсификати | 43 | 19.1 |
| Нема одговор | 37 | 16.4 |
| Вкупно | 225 | 100.0 |

Извор: Биро за заштита на интелектуална сопственост

## 6.3 Информации, технологија и комуникации (ИТЦ)

Секторот информации, технологија и комуникации (ИТЦ) нуди развојни потенцијали. Според податоците на Американската амбасада, во 2002 овој пазар вредел УСД 50 милиони, и забележал зголемување од 60%, почнувајќи од 2000.

Во Јуни 2002, Парламентот ја изгласа „Е-Декларацијата“, изјава на посветеност на владата да постојано ја следи е-трговија, што ги вклучува следниве цели:

- Подготовка на национална ИТ стратегија
- Отварање на Факултет за ИТ
- Намалување на цените на телекомуникациите и интернет услугите
- Охрабрување на пристапот до интернет
- Посилни приватно-јавни партнерства
- Локални е-центри
- Промоција на бенефициите од информатичкото општество и дигиталната економија

АПЦ Проектите за европски права на интернет индицираат дека на крајот на 1998 имало 2000 корисници на е-трговијата, рапидно растејќи на 4500 во 1999 и на 8000 во 2000.

Податоците достапни од ИПР за користењето на интранет и интернет од страна на претпријатијата покажува дека во 1999, 76% од претпријатијата биле корисници на интернет и 24% имале интранет. ИТ секторот е инволвиран во многу области, вклучувајќи составување, продажба и оддржување на персонални компјутери и рамки за информации. Другите области вклучуваат поврзување, системска интеграција, развој на софтвер, Интернет сервис провајдери (ИСП), веб дизајн, мултимедија, консалтинг и обука.

Има мал број на интернет сервис провајдери. Главни се:

- Македонски Телекомуникации се главен провајдер со брзи светски и сателитски линкови, обезбедувајќи пристап за најголем број други ИСП.
- Macedonia OnLine нуди полн сет на интернет сервис производи, почнувајќи од повикувачки модем и ISDN линии до лизинг на линија и хостирање на веб страни
- Unet е е една од најстарите македонски ИСП и нуди полн пакет на услуги, вклучувајќи: повикувачки и изнајмени линии, приватни мрежи, прирачниции вештини, регистрација на веб со истражувачки инженери, хостирање на веб, услуги за регистрација и.т.н.
- Sonet е ИСП поддржан од Фондацијата Отворено Општество.
  Неговата интернет програма функционирала како непрофитна сé до 1995, обезбедувајќи Интернет врски за невладините организации, средните школи, болниците, библиотеките, музеите и индивидуалните корисници.

# 7. МСП и Претприемничката политика

Овој чаптер цели кон анализа на бизнис климата и политиките за МСП во врска со поддршката на нивниот развој. Ги разгледува правната рамка и го анализира опкружувањето и инфраструктурата за промовирање на претприемништвото.

## 7.1 Правно опкружување

Како дополнување на Законот за трговски друштва и Законот за занаетчиство што го уредуваат почнувањето со бизнис, функционирањето и развојот на МСП се уредени со многу други закони и мерки што се однесуват на многу операциони, финансиски, даночни и други прашања.

Законот за лизинг што е изгласан во 2002, нуди предности на МСП, охрабрувајќи ги инвестициите и овозможувајќи пазарна конкурентност. По пат на понуда за можност за набавка или обнова на средствата за производство по флексибилни услови, без користење на лични или позајмени парични средства и без обезбедување, во смисла на хипотека или залог, лизингот го олеснува пристапот до нови технологии и до проширување на производствените капацитети.

Законот за угостителство и туризам им овозможува на претпријатијата и другите правни лица, добавувачите што не функционираат како правни лица и граѓанските асоцијации, да се занимаваат со угостителски и туристички активности. Носителот на таквата активност мора да обезбеди доказ за техничкиот преглед и дозволи за користење на нивните услуги (на пр. хигиенски и санитарни барања предвидени со Законот за инвестициски објекти, заштита при работа, еколошка заштита, заштита од пожар, заштита од бучава). Ако релевантните инспекторати пронајдат недостаток

во извршувањето на дејноста, тогаш извршителот на угостителски и туристички активности, не ќе може да ги спроведува активностите сé додека недостатоците не се елиминираат.

Трговскиот закон ги регулира условите и праксата на водење трговија, однесувајќи се на купување и продажба на добра и вршење на придружни услуги од страна на претпријатијата и другите правни и физички лица регистрирани да вршат трговски активности. Трговијата се реализира како трговија на големо (купување на добра за понатамошна продажба, повторна преработка или репроцесирање) и трговија на мало (продажба на добра за конечна потрошувачка) на домашниот и странските пазари. Трговијата на мало може да се остварува преку пошта, од врата на врата, преку автомати, на саеми, различни настани, собири, и.т.н.

Трговецот е обврзан да добие оддобрение од релевантните институции дека продажните и бизнис простории ги исполнуваат предвидените услови што се однесуваат на минималните технички и санитарни услови, услови за заштита при работа, заштита на средината и.т.н.

## 7.2 Правно и админинистративно опкружување

Податоците за процедурите и трошоците за регистрирање на претпријатие за 2002 покажуваат дека БЈР Македонија е една од помалку оптоварените земји во споредба со соседите.

**Табела 7-1. Регистрација на друштво со ограничена одговорност**

| 2002 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Број на процедури за регистрирање друштво со ограничен одговорност | Денови за регистрација на компанија | Трошоци за регистрирање на друштво (€) | Минимум капитал за задолжителните процедури во врска со ДОО (€) |
| Албанија | 11 | 62 | 655 | 770 |
| Босна и Херцеговина | 12 | 74 | 656 | 5 100 |
| Бугарија | 10 | 30 | 132 | 2 560 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Хрватска | 13 | 50 | 746 | 2 560 |
| БЈР Македонија | 7 | 48 | 240 | 2 500 |
| Молдова | 11 | 41 | 118 | 625 локални - 1 250 странски |
| Србија и Црна Гора | 16 | 71 | 194 | 5 000 |
| Романија | 9 | 46 | 579 | 60 |

Извор: ОЕЦД и ЕБОР, Регинот Југоисточна Европа, Оценка на перформансите на политиката за претпријатија (ЕППА), 2003

За да се регистрира една компанија треба да се превземат следниве чекори:

- Регистрација во Суд
- Регистрација во Државниот завод за статистика
- Регистрација во Управа за јавни приходи
- Регистрација во Царина
- Отварање на сметка во банка
- Пријавување на вработените во Бирото за вработување
- Добивање дозволи и лиценци

Околу 2-3 дена се неопходни за да се подготви целата документација за регистрација, неопходна за во суд. Основните информации се однесуваат на името на основачот, името на компанијата, адресата на компанијата, основна дејност на команијата и.т.н.

Спред Законот за трговски друштва, судот мора да издаде решение за регистрација на компанијата за 15-30 дена од моментот на прием на документацијата, но во праксата тоа вообичаено трае 3-5 недели.

Затемнетото поле дава краток опис на основните процедури да се регистрира компанија.

**Основни процедури за воспоставување компанија**

**Официјален печат на компанијата**. Официјален печат на компанијата треба да се направи, а тоа може да потрае два дена.

**Регистрација во Државниот завод за статистика.** Со цел компанијата да добие идентификационен број, треба да располага со следниве документи: Формулар на Државниот завод за статистика, копија од Регистрацијата во суд, копија од Образецот со заверен потпис и копија од Изјавата за основање. Одлуката за регистрација е издадена истиот ден кога апликацијата е поднесена.

**Регистрација во Управата за јавни приходи.** Со цел да се добие даночен број и даночна картица, потребни се следниве документи: копија од Судската регистрација и Апликација, потпишана од

менаџерот на компанијата. Апликацијата се доставува до локалната канцеларија на Управата за јавни приходи каде се наоѓа печатот на компанијата. Дополнително, компанијата треба да се регистрира како ДДВ обврзник ако вкупниот годишен приход достигнува до 1 300 000 Денари. Ако приходот не го надминува овој износ, регистрацијата на компанијата како даночен обврзник е доброволна.

**Регистрација во Царинска Управа.** Сертификатот за регистрација од Царина се издава истиот ден кога барањето е пополнето.

**Отварање на сметка во банка.** Менаџерот на компанијата мора да биде присутен со цел да ја потпише официјалната апликација и да склучи договор со банката. Следниве документи треба да бидат доставени: судска регистрација верифицирана од нотар, формулар со верифицирани потписи, копија од Решението од Заводот за статистика, копија од Одлуката за даночен број, податоци за луѓето авторизирани да работат со сметката, како и копија од нивните лични карти (ако овластените се Македонци) или копија од пасошите (ако се странски граѓани).

Извор: Обсерваторија за МСП во Македонија

Трошоците за основање на компанија во Суд, Државен завод за статистика и Управа за јавни проходи се просечно € 250, вклучувајќи ги трошоците за специфичните формулари, провизии и за официјалната проценка на средставата на компанијата.

Според Оценката на перформансите на политиката за претпријатија (ЕППА 2003) спроведена меѓу претпријатијата од страна на ОЕЦД и и ЕБОР, сопствениците и менаџерите на МСП ја рангирале процедурата за регистрација како „сиромашна“ што одзема многу време и пари, при што најмногу бенефицираат правните консултанти со лични „врски“ во регистрационите судови.[17]

## 7.3 Претприемништво

На водењето на бизнис може да се гледа како на еден вид на „авантура“ земајќи ги во предвид бирократските и административните процедури што се неопходни да се поминат за да се почне со бизнис. Меѓутоа, развојот на претприемништвото е успешно решение во борбата против невработеноста. Во врска со ова, политиките за подобрување на бизнис

[17]ОЕЦД и ЕБОР, Септември 2003, БЈР Македонија; Оценка на перформансите на политиката за претпријатија (ЕППА), стр. 20.

климата и стимулирање на претприемачката култура станаа значаен дел на владината стратегија за развој на претпријатијата.

Истражувањето спроведено во 2000 од страна на Бирото за заштита на интелектуалната сопственост, покажува дека македонските претпријатија како најзначаен фактор што го оневозможува понатамошниот развој на бизнисот е политичката нестабилност. Друга студија од 2001 спроведена од Светска банка, дава слични резултати: 77% одговориле дека политичката нестабилност е главен проблем на претпријатијата. Поврзано со политичката нестабилност, корупцијата во јавниот сектор се појавува меѓу најзначајните проблеми со кои претпријатијата се соочуват.

**Табела7-2. Проблеми со кои претпријатијата се соочуваат**

| 2001 | | |
|---|---|---|
| Регулаторна сфера | (%) | |
| | Проблем | Голем и многу тежок* |
| Политичка нестабилност | 77.0 | 82.0 |
| Сива економија | 74.0 | 86.0 |
| Корупција во јавниот сектор | 73.0 | 87.0 |
| Недостаток на јасност во постоечките закони | 69.0 | 72.0 |
| Нестабилност во промените во законите и регулативите | 68.0 | 6.0 |
| Некоегзистентност на економските политики | 68.0 | 71.0 |
| Фаворизирање/Преферирање | 67.0 | 8.0 |
| Даночни стапки | 65.0 | 63.0 |
| Функционирање на судството | 64.0 | 73.0 |
| Организиран криминал | 59.0 | 87.0 |
| Проблемот со виза | 57.0 | 84.0 |
| Лична безбедност и безбедност на имотот | 54.0 | 66.0 |
| Даночни регулативи/Администрација | 54.0 | 58.0 |

*Како процент на тие што го опишале како проблем
Извор: Светска банка

Широко употребуван индикатор за оценување на адекватноста на политиката на претпријатијата во однос на поттикнување на претприемништвото е бројот на постоечки бизнис инкубатори. Бизнис инкубаторите претставуваат инструмент за охрабрување на развојот на

микро претпријатијата, МСП, нови бизнис идеи, овозможување пристап до бизнис мрежи како и поттикнување на претприемачката култура.

Постојните податоци за Југоисточна Европа покажуваат дека Република Македонија е меѓу земјите со најболем број бизнис инкубатори. Најдолг период на користење на македонските инкубатори е 36 месеци, што е во согласност со европските критериуми за добра работа.

**Графикон 7 -1. Бизнис инкубатори во Југоисточна Европа**




Иако во земјите на EU и OECD концептот на бизнис инкубаторите и корист од нив е добро позната помеѓу претприемачите, бизнисмените и изготвувачите на политики, во Република Македонија тоа сеуште не е така. И покрај искуството на државата во оваа област, генерално гледано претпиемачите се недоволно запознаени со концептот и улогата на бизнис инкубаторите. Загрижувачкото прашање во однос на соодветноста на владината политика за претпријатијата се однесува на одржливоста на бизнис инкубаторите во поглед на финансирањето, состојбата на инфраструктурата како и човечки ресурси.

## 7.4 Услуги за поддршка на бизнисот

Табелата 7-3 покажува што претпријатијата очекуваа од пазарот во однос на пакети за обука во втората половина на 1990-тите години. Тоа вклучува сметководство (10%), производство и технологија (10.0%), и финансии (9.0%). Сепак, табелата покажува дека интересот се повеќе се фокусира на други иновативни аспекти како информационата технологија (8.5%) и раководење со квалитет (7.8%). Најмала побарувачка за обики е во областа на човечките ресурси (4.1%).

**Табела 7–3. Услуги за обука побарани од претпријатијата**

| | 1996-1999 |
|---|---|
| (%) | |
| Комерцијално работење | 6.8 |
| Администрација, општо | 4.9 |
| Маркетинг | 6.8 |
| Финансии | 9.0 |
| Сметководство | 10.2 |
| Производство и технологија | 10.9 |
| Раководење со човечки ресурси | 4.1 |
| Информациона технологија | 8.5 |
| Раководење со квалитет | 7.8 |
| Екологија | 5.7 |
| Раководење со автоматски направи | 5.2 |
| Истражување и развој на материјали, производи и услуги | 6.6 |
| Јазици | 6.4 |
| Информатика и технолошки набљудувања | 4.5 |
| Други | 2.4 |

Извор: Биро за интелектуална сопственост

Понова оценка на пазарот за бизнис развојните услуги (БРУ) спроведена во Прилеп во 2002 година помеѓу 4000 МСП покажува мало поместување во типот на услугите што претпријатијата ги бараат. Компаниите се спремни најмногу да платат за бизнис планови и истражувачки активности (окулу 900 евра), потоа менаџмент услуги (окулу 500 евра) и подобрување на производството (окулу 375 евра). Генерално гледано, повеќето

претпријатија се спремни да платат помалку од 1000 евра, или по 100 евра на ден, за консултантски услуги и обуки. Ова однесување може да се прифати за соодветно и за останатите региони од земјата.

**Графикон 7 – 2. Спремност за плакање за услуги во Прилеп**




Подетална претстава за трошоците за консултантски услуги и обука е прикажана во Табела 7-4, која покажува дека просечно 31.2% од претпријатијата се подготвени да платат помеѓу 1000 евра и 5000 евра за консултантски услуги. Секторот за туризам и угостителство е најспремен (60.0%) да плати вредност од до 1000 евра за консултантски услуги. Секторот градежништво е најспремен (45.0%) е најспремен да плати за консултантски услуги вредност од 1000 евра до 5000 евра. Угостителството е дефинитивно сектор со најголема потреба за консултатнтски услуги, а помалку обуки.

Во однос на обуките, сите сектори освен туризам и угостителство ја истакнуваат нивната спремност да платат до 1000 евра за обуки. Со

зголемува финансиската вредност се намалува желбата и спремноста за плакање за обуки.

Дисперзијата помеѓу претпријатијата е поголема како што се зголемува монетарната вредност. Услужниот сектор (11.0%) следен од транспортот (7.0%) покажува одредена спремност да плати и повеќе од 10000 евра. Може да се заклучи дека претпријатијата се спремни да платат барем 1000 евра за консултантски услуги.

**Табела 7 -4. Трошоци за консултамтски услуги и обуки**

| | 2000 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Никакви трожоци | До € 1.000 | € 1.000 - € 5.000 | € 5.001 – € 10.000 | Повеке од € 10.000 | Без одговор |
| Консултантски услуги (%) | | | | | | |
| Земјоделство | 4.8 | 38.1 | 23.8 | 9.5 | 4.8 | 19.1 |
| Производство | 6.7 | 25.8 | 29.9 | 3.2 | 3.8 | 30.6 |
| Градежништво | 2.3 | 27.3 | 45.5 | 2.3 | 4.6 | 18.2 |
| ИТ | – | – | – | – | – | 50.0 |
| Транспорт | 3.7 | 33.3 | 33.3 | – | 7.4 | 22.2 |
| Трговска размена | 5.0 | 22.5 | 30.3 | 5.0 | 2.5 | 35.0 |
| Услуги | – | 33.3 | 33.3 | – | 11.1 | 22.2 |
| Угостителство и туризам | 20.0 | 60.0 | 20.0 | – | – | – |
| Вкупно | 5.8 | 27.1 | 31.2 | 3.3 | 4.3 | 28.4 |
| Обуки (%) | | | | | | |
| Земјоделство | 28.6 | 28.6 | – | – | 4.8 | 38.1 |
| Производство | 22.3 | 32.2 | 9.9 | 2.6 | 1.0 | 32.2 |
| Градежништво | 9.1 | 38.6 | 18.2 | 2.3 | – | 31.8 |
| ИТ | – | – | – | – | – | 100.0 |
| Транспорт | 22.2 | 33.3 | 14.8 | – | – | 29.6 |
| Трговска размена | 12.5 | 32.5 | 10.0 | 5.0 | – | 40.0 |
| Услуги | 11.1 | 22.2 | 22.2 | – | 11.1 | 33.3 |
| Угостителство и туризам | 40.0 | 20.0 | – | – | – | 20.0 |
| Вкупно | 20.4 | 32.3 | 10.6 | 2.4 | 1.1 | 33.1 |

Извор: SEED

# Библиографија

Централен регистар (2001), *База на податоци за домашни сметки и правни лица* 2000, Skopje.

Централен регистар (2002), *База на податоци за домашни сметки и правни лица* 2001, Skopje.

Централен регистар (2003), *База на податоци за домашни сметки и правни лица* 2002, Skopje.

Dallago, B. (2003), *Важноста на малите и средни претпријатија за економиите во транзиција,* Публикација на ОН.

Завод за платен промет (2000), *База на податоци за мали и средни претпријатија* 1999, Skopje.

Европска Повелба за мали и средни претпријатија (2003), Национален извештај *2003*, Skopje.

Европска Комисија (2004), Извештај за имплементација на Европската Повелба за мали и средни претпријатија во земјите од западен Балкан, Брисел.

ФИАС (2003), Административни процедури за бизнис во Македонија, Скопје.

Институт за препримништво и раководење со мал бизнис (декември 2000), *Slovene Entrepreneurship Observatory 2000*, Марибор

Канцеларија за заштита на интелектуални права (2000), *Студија на податоци од анкетата на терен 571 претпријатие во Република Македонија во врска со активностите на проектот за формирање центар за технолошко набљудување*, Скопје.

Закон за сметководство (Службен весник на РМ бр. 42/93, 48/93, 6/95, Уставен Суд бр. 247/95, 248/95, 271/95, 304/95, 3/96, 32/98, 39/99 и 70/01).

Закон за трговски претпријатија (Службен весник на РМ бр. 28/96 Амандмани објавени во Службен весник бр. 7/97, 21/98, 37/98, 63/98, 39/99, 81/99, 37/00, 31/01, 06/02 и 61/02).

Македонска банка за поддршка на развојот (2002), *Годишен Извештај 2001*, Скопје

Македонска банка за поддршка на развојот (2003), *Годишен Извештај 2002*, Skopje.

Фондација за развој на претпријатијата во Македонија (2002), *Активности за мали и средни претпријатија во Македонија*, Скопје.

Министерство за економија (2003) Серија на законодавни документи кои се однесуваат на претпријатијата, Скопје

Министертсво за финансии на Република Македонија (2003), Билтен 11-12, Скопје.

Обсерваторија на Европските МСП бр. 2 (2002), *МСП во Европа, вклучувајќи и првичен осврт на кандидатите земји за членство во ЕУ,* Луксембург.

OECD Конференција на министерствата за мали и средни претпријатија (2004), *МСП статистика: кон посистематски статистички мерења на однесувањето на МСП*, Истанбул.

OECD - EBRD (септемвриг 2003), Југоисточен европски регион – *Регионална оцена на политиката за претпријатија,* OECD, Париз.

OECD - EBRD (октомври 2003), Р. Македонија – *Регионална оцена на политиката за претпријатија,* OECD, Париз.

Пендев, D. *et al*. *Малите претпријатија во развојот на стопанството на Република Македонија* (2002), Економски Институт, Astra Art, Скопје.

Регионална агенција за развој на претпријатија, Прилеп, Истражување за МСП во регионот на Прилеп, Прилеп.

Руски истражен центар за МСП (2002), *Руски Извештај за Обсерваторијата на МСП 2001*, Москва.

SEED (2002), Побарувачката на услуги за развој на бизнисот на малите и средни пратпријатија во Македонија, Скопје.

Државен завод за статистика (2001), *Бруто домашен производ на Република Македонија 1999*, Скопје

Државен завод за статистика (2002), *Бруто домашен производ на Република Македонија 2000*, Скопје.

Државен завод за статистика (2003), *Бруто домашен производ на Република Македонија 2001*, Скопје.

Државен завод за статистика (2004), *Бруто домашен производ на Република Македонија 2002*, Скопје.

Државен завод за статистика (2002), *Истражување на пазарот на работна сила Април 2002*, Скопје.

Државен завод за статистика (2003), *Истражување на пазарот на работна сила Април 2003*, Скопје.

Thuss, Holger J. (2003), Улогата на МСП во вкупната економија. 7-ми Форум на експерти во Македонија, Скопје.